# НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АКЦИЈА
# ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ
# 2007-2012

**Скопје, мај 2007 година,**

**С о д р ж и н а**

**Резиме**
**Вовед**
**Досегашен развој**
**Општа цел**
**Временска рамка**
**Буџет**
**Методологија**
**Ситуациона анализа – генерален осврт**
**Правна рамка и постојни механизми**
**Меѓународни обврски**
**Европска интеграција**
**Општи поими и терминологија**
**Родовата перспектива како стратегија и политика**
**Стратешки области**
**Следни чекори и имплементација**
**Махенизми за мониторирање и евалуација**
**Заклучок**
**АНЕКСИ**

**Легенда**

РМ  - Република Македонија

НПАРР - Национален план за акција за родова рамноправност

CEDAW - Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените

ООН  - Организација на обединетите нации

СЗО - Светска здравствена организација

ЕУ - Европска унија

ПзА- Пекиншка платформа за акција

ОУРП – Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите

НВО - Невладини организации

ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа

ЛС – Локална самоуправа

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

ДЗС - Државен завод за статистика

ЗСД - Завод за социјални дејности

СБ на ОН – Совет за безбедност на Обединетите нации

ТоТ  - Обука за обучувачи/ Тренинг за тренери

ПЗЗ - Примарна здравствена заштита

НПУПЕУ - Национален план за усвојување на правото на ЕУ

АДС - Агенција за државни службеници

**РЕЗИМЕ**

> “Владите и другите чинители треба да ја промовираат активната и видливата политика на **вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики** во сите политики и програми, така што, пред да се донесат одлуките, да се направи анализа на ефектите врз мажите и жените, респективно.”

*од Пекиншката платформа за акција, 1995 г.*

**Националниот план за акција за родова рамноправност** е вториот национален документ од ваков вид, чија основна цел е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на **родовата рамноправност**. Искуството стекнато во имплементирањето на претходните политики и мерки за обезбедување на еднаквите можности, покажало дека посветеноста, соработката, партнерството и примената на **начелата на транспарентност и партиципативност** на сите актери од економскиот, социјалниот и политичкиот живот е од исклучително значење во заложбите за постигнување на родовата рамноправност. Токму по тие начела на партиципативната демократија се изработи и овој документ, низ еден повеќемесечен процес на консултација на владините институции, граѓанскиот сектор и меѓународните организации, присутни и активни на ова поле во Република Македонија.

Овој документ е еден вид на национален одговор на меѓународните обврски на Република Македонија и напор да се обединат сите ставови, активности и ресурси во кохерентна рамка и единствен приод за постигнување на родовата рамноправност. Основата на НПАРР се Пекиншката платформа и План за акција, CEDAW, милениумските развојни цели, обврските кои произлегуваат од процесот на европската интеграција и прилагодувањето и приближувањето на Република Македонија кон Европската унија, како и другите меѓународни обврски. Оттаму, планот се осврнува на приоритетите на 10 стратешки и приоритетни области за делување, на конкретни задачи и активности на **краток и среден рок** за унапредување на стратешките цели и утврдува индикатори и одговорни страни за спроведување на истиот. Планот го трасира и патот за натамошна работа, соработка и дејствување на Република Македонија во областа на родовата рамноправност. Се утврдува приодот во имплементацијата на мерките преку годишни ***Оперативни планови,*** во кои ќе се утврдуваат годишните приоритети, начинот на имплементација, конкретна временска рамка и предвидениот буџет, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех, потоа поврзување со тековните процеси во органите на управата – стратешкото планирање, буџетското планирање и Националниот план за усвојување на правото на ЕУ, со што ќе се обезбеди конзистентност, синергија и рационално користење на напорите, а паралелно ќе се работи на **вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики** и родовото буџетирање.

Националниот план за акција за родова рамноправност е насочен кон обезбедување на поддршка и насока за Република Македонија и сите засегнати страни во процесот на обезбедување родова рамноправност и фокусиран напредок во процесите на трансформацијата и вклучувањето на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики.

“Работата на родовите прашања е во врска со идеи, култура и општествен капитал.”

*Евалуирање на родот и развојот во Светската банка, бр. 200,, Прецис, 2000*

## Вовед

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, преставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата.

Работењето *кон* целта за постигнување на вистинска родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости многу често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените често имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат кон развојот на различни начини.

Во овој контекст, жените ќе издејствуваат рамноправност кога ќе можат да работат во свое име, со силен глас за да обезбедат нивните гледишта да бидат слушнати и земени предвид. Тоа значи, унапредување на вклученоста на жените како и на мажите во консултациите и во донесувањето на одлуки на сите нивоа.

Националниот план за акција за родова рамноправност е стратешки документ на Владата на Република Македонија, кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија. Националниот план за акција е димензиониран за периодот 2007-2012.

Основна цел на овој документ е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност. Конкретни задачи и активности на **краток и среден рок** за унапредување на целите и имплементацијата на мерките ќе бидат одредени во годишните ***Оперативни планови,*** во кои ќе се утврдуваат годишните приоритети, начинот на имплементацијата, конкретната временска рамка и предвидениот буџет, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех.

Целосното овозможување на еднаквите можности за сите граѓани во Република Македонија и вклучувањето на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики, ќе овозможат исполнување на целосниот капацитет и потенцијал на секој поединец во сите сфери на општествениот живот, со што, од друга страна, пак, ќе се обезбеди праведно, прогресивно и ефикасно општество.

Овој национален план за акција се темели токму на заложбите на Владата да гради и применува приод на промоција и обезбедување на родова рамноправност. Изготвувањето на овој национален план за акција за родова рамноправност е резултат на соработка на владините институции, невладиниот сектор и меѓународната заедница.

## Основни поми и терминологија

### Пекиншка декларација и Платформа за акција

На Четвртата светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, НР Кина, во септември 1995, беа донесени Декларација (позната како Пекиншка декларација) и Платформа за акција. Со прифаќањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција, меѓународната заедница се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Земјите членки на ООН се обврзаа на имплементација на Платформата за акција која опфаќа области од посебен интерес за

жените. Областите се однесуваат на жените и на сиромаштијата, образованието, жените и здравјето, насилството, жените во вооружените конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување на одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите права, жените и медиумите, жените и животната средина и грижата за женските деца.

**Родова рамноправност**

Родовата рамноправност значи праведност при постапувањето со мажите и со жените, во согласност со нивните лични потреби, праведност особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите. Родовата рамноправност е засегната со унапредување на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите.

**Родова еднаквост**

Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како машки или како женски. Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда. Јасно е признато дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој со човекот како центар.

**Еднакви можности за жените и за мажите**

Отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

**Родова перспектива**

Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики во секоја дадена политичка област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, следење и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквоста. Крајна цел е да се постигне родова рамноправност.

**Родова процена на влијание**

Проценувањето на политичките предлози на сите различни влијанија врз мажите и жените, со намера да се идентификува дека дискриминаторските ефекти се неутрализирани и дека е спроведена родова еднаквост.

**Родова чувствителност**

Способноста да се сфати и посочи постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и истите да се инкорпорираат во стратегии и акции за нивно надминување.

**"Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики" (Gender mainstreaming)** претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на

политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Тоа значи проценка на тоа како политиките влијаат врз животот и местото на жената и мажот и преземање одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница, до ниво на пошироката заедница, да придонесат во тој процес на градење заедничка и разбрана визија за постигнување одржлив развој, притоа преточувајќи ги тие политики во реалност. За да се постигне ова, неопходно е високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање низ сите структури и сфери во општеството.

**Родово буџетирање**

Родовото буџетирање е одраз на политичката волја и преземени чекори во постигнувањето на родовата рамноправност со примена на практиките на вклучување на родовите преспективи во процесите на буџетирање. Ова не имплицира само посебни буџети за жените, туку значи проценка на буџетите од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање.

**Зајакнување**

Зајакнувањето се однесува и на мажите и на жените и претставува колективен потфат кој вклучува и индивидуална промена и колективна акција. Зајакнување на жените значи развивање на нивната способност колективно и индивидуално да преземат контрола над своите животи, да ги идентификуваат своите потреби, да ги одредат интересите кои им одговараат. Во повеќето случаи зајакнувањето на жените бара трансформација на поделбата на трудот и општеството.

**Балансирано учество на мажите и жените**

Важен услов за рамноправност меѓу мажите и жените е поделба на позициите на моќ и одлучување (од 40 до 60 проценти од секој пол) меѓу мажите и жените во секоја јавна сфера од општествено-политичкиот живот.

**Податоци класифицирани според пол**

Податоците класифицирани според пол се квантитативни статистички информации. Собирање и разделување на податоци според пол со цел да се изврши компаративна/родова анализа.

**Родов јаз**

Јазот кој се јавува во која било област во општествениот живот меѓу жените и мажите и се однесува на учество, пристап, права, хонорари и продобивки.

**Досегашен развој**

Со потпишувањто на Пекиншката платформа и Планот за акција, како стратешки документи усвоени на Меѓународната конференција за жените, одржана во Пекинг во 1995 година, државите учеснички (меѓу кои и Република Македонија) се обврзаа да ја почитуваат Платформата и Планот за акција и да делуваат во согласност со нејзините фундаментални принципи во формулирањето на сопствените национални стратегии и планови.

Првиот Национален план за акција за полова рамноправност, Владата на Република Македонија го донесе 1999 година. Иако оценет како преамбициозен, сепак, дел од целите и активностите беа реализирани во изминатиот период, особено во областите кои се однесуваат на власта и одлучувањето, насилството врз жените, вклучувајќи ја и трговијата со жени, здравството, човековите права и мировните активности. Успешно

реализираните активности се најчесто во доменот на промена и дополнување на законодавството, а имплементацијата и натаму останува поле на кое треба да се работи. Овде мора да се напомене дека ангажманот и активизмот на невладиниот сектор бил од огромна важност за постигнатите резултати.

Во текот на 2005 година Република Македининја изготви и поднесе извештај (прв, втор, и трет), до Комитетот за елиминација на секаков облик на дискриминација врз жените во ОН за напредокот во остварувањето на одредбите од CEDAW. Воедно, од страна на невладионот сектор, беа поднесени два извештаи во сенка.

Во своите заклучни коментари Комитетот на ОН заседе позитивен став за законските и институционалните промени кои се случија во Република Македонија. Но, истовремено Комитетот ги истакна низата подрачја за кои изразува загриженост и бара од државата да одговори на својот следен четврти и петти периодичен извештај. Еден вид одговор на дел од препораките од Комитетот е и овој НПАРР.

Поаѓајки од искуствата и резултатите од претходниот Акционен план, а особено од увидените недостатоци и потешкотии при реализирањето на поединечни стратешки цели и активности, овој национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012, содржи цели и активности во рамките на реалните можности на државата, како во однос на содржината, така и во однос на проекцијата.

**Со донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, согласно чл.11, Република Македонија обезбеди и директна правна основа за усвојување на Национален план за акција за еднакви можности за мажите и жените**. Имено, во согласност со овој член, Собранието на Република Македонија донесува Национален план кој го адресира опфатот на законот, а треба да се надополнува или надградува на овој НПАРР.

Националниот план за акција за родова рамноправност е резултат на еден мултидисциплинарен процес, во кој пооделни тела одговорни за креирање на нивните политики, во соработка со сите чинители и засегнати страни, постојано го и ќе го интегрираат принципот на родова рамноправност во планирањето, формулирањето, имплементацијата, следењето и евалуацијата на политиките.

Националниот план за акција за родова рамноправност претставува заложба на Владата на Република Македонија да ја придвижи агендата за родова рамноправност, да ја зајакне соработката меѓу министерствата и институциите, како и соработката со другите социјални партнери и со граѓанскиот сектор - актерите кои ќе учествуваат во неговата реализација.

Во насока на инкорпорирање на перспективата на родовата рамноправност во главните текови на политиката на централно и локално ниво, во текот на реализацијата на Националниот план за акција за родова рамноправност, ќе се преземат посебни мерки (согласно со чл.6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите) за остварување на *де факто* и вистинска родова рамноправност и надминување на родовата дискриминација. Тоа ќе се направи пред се преку реализирање на континуирана обука на државните службеници и високите претставници на централната и локалната власт за родовата рамноправност и потребата од внесување на родовата перспектива во политиките кои се носат на централно и локално ниво.

### Генерална цел на Националниот план за акција за родова рамноправност

<u>Генерална цел на Националниот план за акција за родова рамноправност е унапредувањето на рамноправноста меѓу половите и инкорпорирање на родовата</u>

перспектива во политиките, програмите и проектите во различни области од општественото делување на национално и локално ниво.

Во тој контекст, Националниот план за акција за родова рамноправност овозможува дефинирање на конкретни политики, приоритети и акции во десет области од општественото делување:

- Почитување и унапредување на правата на жената како дел од универзалните човекови права
- Промовирање на родовата рамноправност меѓу жените и мажите во процесите на донесување одлуки, вклучувајки законодавни и административни специјални мерки насочени кон зголемување на политичкото учество на жените
- Унапредување на водењето на родово разделените статистички податоци во сите области на општественото делување и нивно публикување
- Воведување на родово сензитивно (осетливо) образование во наставните планови и програми, отстранување на родовите стереотипи и предрасуди од учебниците и учебните помагала и поттикнување на едукацијата на наставниот кадар на сите нивоа на образование
- Поддршка и спроведување на програми за економско јакнење на жените преку конкретни политики за намалување на невработеноста, зголемување на уделот на женското претприемништво и отстранување на сите облици на дискриминација на пазарот на трудот и во текот на работниот процес
- Отстранување на сите форми на насилство врз жената, вклучувајки го и семејното насилство
- Унапредување на здравјето на жените и мажите преку продолжување и засилување на постоечките превентивни програми и изготвување на нови
- Намалување на сиромаштијата и развивање на адекватен систем на социјална заштита
- Зголемување на одговорноста на медиумите за промоција на родовиот концепт и поттикнување на нестереотипното претставување на родовите во медиумите
- Зголемено учество на жените во Република Македонија во мировните процеси
- Вклучување на родовиот аспект во заштитата и промовирањето на здрава животна средина

Во постигнувањето на целите на Националниот план за акција за родова рамноправност и во неговата одржливост, значајна улога и придонес, имаат невладините организации кои со своето учество и соработка ќе придонесат кон конструктивно и сеопфатно исполнување на стратешките приоритети.

**Временска рамка**

Националниот план за акција за родова рамноправност е од среднорочен карактер. Во периодот од 2007 – 2012 година планирано е да се реализираат краткорочните и среднорочните цели. Имплементацијата на Планот за акција подетално ќе се разработува во годишни оперативни планови.

## Буџет на Националниот план за акција за родова рамноправност

Буџетот за реализирање на краткорочните и среднорочните активностите од стратешките цели ќе биде подготвуван во согласност и координација со тековниот процес на стратешко планирање и со буџетското планирање за годишно и тригодишно ниво. Деталните фискални импликации за активностите кои ќе треба да се реализираат во тековната година ќе бидат, дел од оперативните програми за реализација на Националниот план за акција за родова рамноправност во согласност со годишниот буџет на Владата на РМ.

Од големо значење за исполнувње на стратешките цели и проектираните активности ќе биде и поддршката од билатералните и мултиралтералните донатори.

## Методологија и пристап во изработката на Националниот план за акција за родова рамноправност

Подготовката на Националниот план за акција за родова рамноправност е дел од проектот кој Министерството за труд и социјална политика го реализираше со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во текот на процесот со директна поддршка се вклучи УНИФЕМ и другите агенции на Обединетите нации во Република Македонија.

За подготовката на новиот предлог текст на Националниот план за акција беше формирана работна група од претставници на ресорните министерства при Владата на Република Македонија, како и претставници на граѓанските организации кои работат на полето на родовата рамноправност.

Во првата фаза од подготовката на документот, работната група изработи проценка и анализа на состојбите за поединечните стратешките области, дефинирани во Националниот план за акција за полова рамноправност (1999). Оваа анализа, заедно со извршените консултации со фокус групите, беа основа во определувањето на стратешките приоритети и активности за наредниот период (2007-2012 година).

Мисијата на ОБСЕ во Скопје во мај 2006 година ангажира две надворешни консултантки за родови прашања од ОДИХР кои направија ревидирање на првиот Национален план за акција за полова рамноправност и дадоа предлози, сугестии и коментари за идното дејствување и поставувањето на стратешките цели и активности во новиот предлог документ.

Од страна на УНИФЕМ во текот на месец април 2007 година беше ангажирана домашна консултантка која даде свој допринос во поставувањето на стратешките цели и активности односно во дефинирањето на содржината на предлог Националниот план за акција за родова рамноправност.

Во изработката на предлог текстот на Националниот план за акција за родова рамноправност огромен придонес дадоа претставници на владини институции, граѓанските организации и меѓународните организации, учесниците на петте регионални тркалезни маси, осумте тематски работилници и двете јавни расправи и дополнителните консултативни средби. Голем дел од предлозите се интегрирани во Националниот план за акција за родова рамноправност.

## Ситуациона анализа - Генерален осврт

Република Македонија е демократска и социјална држава во која сите пред Уставот и законот се еднакви. Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е и рамноправноста меѓу половите. **Уставот на Република Македонија** содржи повеќе одредби во однос на основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Во делот на граѓански и политички слободи и права утврдено е дека "*граѓаните на*

*Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба*". Со наведените одредби се утврдува принципот на рамноправност и се гарантираат еднакви права независно од полот.

Со вметнувањето на рамноправноста меѓу половите во одредбите на Уставот е искажана политичката волја на највисокото законодавно тело дека Република Македонија се наоѓа меѓу оние демократски држави кои својот поредок го градаат со целосно признавање и промовирање на еднаквите можности меѓу жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив и демократски развој. Со тоа е потврдено политичкото начело дека паритетна демократија е единствено стварна демократија и со тоа се поставени темелите на понатамошната законодавна регулатива со која се создаваат услови за остварување на еднакви можности за обата пола и доследна примена на таа регулатива.

Владата на Република Македонија, следејки го современиот, демократско-граѓански концепт, а во согласност со Пекиншката декларација и Платформа за акција[1], во јануари 1997 година донесе Одлука за формирање ***Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите*** во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Во 1999 година го донесе и првиот Национален план за акција за полова рамноправност. Донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите во мај 2006 година ја создаде законската основа за воспоставување и понатамошен развој на родовата машинерија, а со тоа ги предвиде субјектите кои се одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности за жените и мажите. Во таа смисла, во март 2007 година со Актот за систематизација и организација на Министерството за труд и социјална политика формиран е **Сектор за еднакви можности.**

Главна задача на Министерството за труд и социјална политика, преку работата на Секторот, е да се грижи за унапредувањето на статусот на жените и мажите во сите области на општественото живеење на национално, локално и меѓународно ниво, да обезбедува меѓуресорска и меѓусекторска соработка, како и соработка со граѓанскиот сектор и со социјалните партнери, да се грижи за спроведувањето на законот, НПАРР и на другите мерки и препораки, да ја координира работата и да врши следење на спроведувањето на политиките, мерките и активностите.

Покрај Секторот за еднакви можности, во министерствата се назначуваат **координатори за еднакви можности на жените и мажите**, државни службеници кои се претежно вработени во сектор за човекови права и покрај другите задачи имаат обврска да ги следат активностите од аспект на еднаквите можности на жените и мажите и да го информираат Секторот за еднакви можности за донесувањето на одредени предлози и решенија од областа на родовата рамноправност.

Во Собранието на Република Македонија од септември 2006 година функционира **Комисија за еднакви можности на жените и мажите,** со задача да ја следи законската регулатива што ја предлага Владата на Република Македонија од аспект на родовата рамноправност.

Во насока на инкорпорирање на родовата перспектива и еднакви можности во локалната политика, унапредувањето на положбата на жената на локално ниво и спроведувањето на една од страрешките цели на Националниот план за акција и Законот, во Република Македонија, со започнувањето на процесот на децентрализација, се продолжи со формирање на комисии за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа. Оваа иницијатива од самиот почеток беше поддржана и од граѓанскиот сектор во Република Македонија. Во комисиите членуваат мажи и жени советници во советите на општините од различни политички партии. Со Законот за

[1] рефренца

еднакви можности за жените и мажите, формирањето стана законски утврдена обврска која досега е испочитувана во 45 од 82 единици на локалната самоуправа. Основна задача на комисиите е да работи на унапредување на положбата на жените и обезбедување еднакви можности за мажите и жените на локално ниво, преку процесот на креирање и донесување на политики, нивно спроведување, следење и евалуација на постигнатите резултати.[2] Исто така, во тек е процесот на назначување на **координатори** за еднакви можности на жените и мажите во општините кои треба да имаат статус на државни службеници, а треба да се грижат за унапредувањето на рамноправноста помеѓу жените и мажите и воспоставувањето на еднаквите можности на локално ниво.

**Правна рамка и механизми на дејствување**

Во Република Македонија постои законодавство на анти-дискриминаторски прописи со кои се забрануваат дискриминацијата во одредени области на животот. Имено, повеќе области се покриени со прописи кои содржат антидискриминаторски одредби и тоа: вработување, образование, здравствена заштита, социјална политика, човекови права. Заштита на човековите права, превенција на дискриминацијата и промовирање на целосна и ефективна рамноправност се опфатени во кривичното, граѓанското и управното законодавство.

Но, рамката и процесот на усовршување и унапредување на законската рамка, а особено на нејзината примена, во однос на регулирањето на заштитата и почитувањето на човековите права, облиците на дискриминација и санкциите и мерките за недискриминација, како и правата на жената и еднаквите можности во други сфери на општественото живеење, се уште не е постигнато. Во периодот што доаѓа, Република Македонија, согласно со меѓународните обврски и во рамките на процесот на европската интеграција, како и стратешките документи како овој национален план за акција за родова рамноправност, ќе работи интензивно, посветено и фокусирано на надминувањето на оваа состојба и на демократско решавање на овие јазови.

**Меѓународни обврски**

Правната положба и статусот на жените во Република Македонија, покрај Уставот, се регулирани и со меѓународни договори кои Република Македонија ги има потпишано, ратификувано и/или кон кои има пристапено, а кои согласно со член 118 од Уставот на Република Македонија се **составен дел на нашиот правен поредок.**

Еден од позначајните меѓународни договори кој претставува основна правна рамка во подрачјето на еднаквите можности на жените и мажите е **Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација на жените (CEDAW),** која е усвоена на Општо Собрание на ОН на 18 декември 1979 година, а која стапи на сила на 3 септември 1981 година.

Како држава сукцесор на поранешната СФРЈ, Република Македонија и пристапи на Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација на жената, која стапи на сила на ноември 1991 година, кога државата ја презеде задолжителната одговорност пред меѓународната заедница за преземање мерки, подобрување на состојбата во сите односни сфери и редовно известување. Република Македонија го потпиша и Факултативниот протокол кон оваа конвенција во 2000 година, кој е ратификуван на 24 јуни 2003 година, а стапи во сила на 17 октомври 2003 година. Со ратификацијата на Протоколот, Република Македонија ја признава надлежноста на ***Комитетот за елиминација на сите облици на дискриминација на жената*** и на тој начин им

[2] Цитат член 14 од законот

овозможува на граѓаните обраќање до Комитетот во случај на повреда на кое било право утврдено со Конвенцијата.

Исто така, Република Македонија е обврзана да работи на исполнување на **Милениумските развојни цели** донесени од Обединетите нации, односно да обезбеди комплементарност на домашните политики со меѓународните обврски.

Република Македонија ја има ратификувано и **Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи на Советот на Европа** (ЕЦХР-1950). Оваа Конвенција пропишува во своите основни одредби дека остварувањето на правата и слободите утврдени во Конвенцијата ќе се остваруваат без дискриминација во поглед на пол, раса, боја на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Покрај нив, Република Македонија пристапила кон и е потписник на многу меѓународни инструменти, и е должна да ги исполнува препораките и обврските кои произлегуваат од нив.

**Европска интеграција**

Прв приоритет на Република Македонија се евро-атлантските интеграции. На 9 април 2000 година склучена е **Спогодба за стабилизација и асоцијација** меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки. Една од целите на оваа спогодба е да се поддржат напорите на Република Македонија за економски развој, зацврстување на демократските процеси и прилагодување на нашето законодавство со законодавството на Заедницата во целост. Тука се подразбира почитувањето на правата и слободите на секој пеодинец и прилагодувањето на домашното законодавство во однос на тоа, во врска со родовите прашања, и прилагодување на законодавството на Република Македонија согласно *acquis communautaire* и пропишаните стандарди во однос на работните услови и еднаквите можности на жените и мажите, со цел да се обезбеди целосна законска рамка во врска со оваа проблематика. Во односите со Европската унија, како и при остварувањето на националниот приоритет за придружување кон неа, Република Македонија ја има обврската да ги исполни копенхашките и мадридските критериуми и редовно да ја известува Унијата за својот напредок.

Во април 2007 година беше усвоен ажурираниот **Национален план за усвојување на правото на ЕУ** (НПУПЕУ) за периодот 2007-2010, во кој на експлицитен и таксативен начин се наведени сите мерки, активности, документи, институционални аранжмани и буџетски средства, преку кои ќе се постигнат зацртаните приоритети и приближувањето кон ЕУ. Овој документ и серија други мерки во доменот на родовата рамноправност се предвидени и проектирани во НПУПЕУ за нивна реализација.

Во политиките на Европската унија унапредувањето на еднаквите можности и високото почитување на човековите права се централни теми од интерес. Европската комисија во март 2006 година ја донесе ***Мапата за еднаквост меѓу жените и мажите.*** Родовата рамноправност е темелно право, заедничка вредност на ЕУ и неопходен услов за постигнување на целите на ЕУ. Со донесувањето на оваа мапа се дава преглед на приоритетните области за спроведување акција на ниво на Европската унија во областа на родовата рамноправност за периодот 2006-2010. Воедно, од исклучителна важност за Унијата е **Лисабонската агенда** – за мапа за постигнување на балансиран економско-социјален развој и поттикната компетитивност во Унијата и глобално, каде апсолутно во секоја сфера треба да се постигне обезбедување на еднакви можности и права за мажите и жените. Република Македонија ќе треба да ги усогласи своите планови, политики и активности со оние на Унијата содржани во Мапата за еднаквост меѓу жените и мажите, со Лисабонската агенда и со сите други политики на Унијата.

Покрај ова, директивите, регулативите и препораките на ЕУ и ЕЗ за еднаквите можности за жените и мажите во различните сфери се предмет на транспозиција во домашното законодавство, и уште побитно, следењето на нивното спроведување. Треба да се нагласи дека Европскта унија, во годишните извештаи за напредокот на реформите и приближувањето на Република Македонија кон ЕУ, редовно ја оценува состојбата и постигнатиот напредок и издава препораки.

**Родовата перспектива како стратегија и политика**

“Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики е прашање на моќ, еднаквост и политика.”

*Евалуирање на родот и развојот во Светската банка, бр. 200,, Прецис, 2000*

**Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики** (gender mainstreaming)

Терминот “Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики” почна да влегува во поширока употреба со усвојување на Пекиншката платформа за акција (ПзА) за време на Меѓународната конференција за жените на ОН во 1995 година. Таа претставува обид на бранителите на женските права да се надоврзаат на успесите од минатото и да се соочат и продолжат да работат на предизвиците.

И Европската комисија во 1996 година ја усвои перспективата за вклучување на родовата рамноправност во главните текови, како стратегија за постигнување на *de facto* рамноправност и во таа насока презема низа мерки и активности.

**Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики** претставува клучен концепт и темел во спроведување на политиката на рамоправност помеѓу половите, кој претставува одговорност на Владата и сите министерства за негово применување. Поточно, тоа претставува интегрирање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го законодавството, политиките и програмите во сите сфери и на сите нивоа на општественото живеење.

Вклучување на родовата преспектива во главните текови, политики и практики, имплицира (ре)организација, подобрување, развој и оценка на генералните политики, стратегии и програми, со цел родовата перспектива да биде вклучена на сите нивоа и во сите фази од страна на актерите вклучени во креирањето на тие политики. Со други зборови, тоа значи заложба да се подигне на ниво на политика на државата - обврска за надминување на традиционалната патријархална матрица на уредување на односите меѓу мажите и жените, како реална пречка за остварување на de facto рамноправност.

Вклучувањето на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики, е обврска да се обезбедат улогите, проблемите и искуствата *и на жените и на мажите* да бидат интегрален дел од планирањето, изработката, имплементацијата, набљудувањето и оценката на *сите* закони, политики и програми за да се обезбеди жените и мажите да имаат иста корист и да се постигне **родова рамноправност**. Следствено, вклучувањето на родовите односи во главните текови, политики и практики е клучно за сите одлуки и интервенции; влијае врз намалувањето на сиромаштијата, вработувањето, процедурите и културата на институциите и нивните програми и претставува дел од одговорноста на Владата и сите министерства.

Најчесто, вниманието за родовите прашања се имплеменитра преку таканаречениот **двоен пристап** (dual track approach), што во суштина е корективен пристап или модел на суштинска рамноправност, кој не е засегнат само со подеднакви можности, туку повеќе со правичност на резултатите и не се фокусира на еднаквиот третман, туку на еднаквиот пристап и еднаквите бенифиции**.** Тоа значи:

- Да се насочи вниманието кон родовите прашања во севкупната политика, проектите и програмите, преку анализирање на улогите, проблемите и искуствата на жените и на мажите, како рутински дел од планирањето и – врз основа на оваа информација – изработка и набљудување, за да се промовира поголема родова еднаквост во поглед на можностите и позитивните ефекти.
- Развој и поддршка на само женски (или само машки) проекти и програми за справување со специфичните аспекти на родовата нееднаквост и работа, да се оствари целта за поголема родова рамноправност.

**<u>ПРЕДУСЛОВИ или механизми за суштинска рамноправност</u>**

Владата на Република Македонија ќе преземе низа мерки и ќе воспостави и стави во функција механизми за остварување на суштинска родова рамноправност, меѓу кои најважни се следниве:

- Унапредување на националната машинерија (институционални структури и механизми) за постигнување на родовата рамноправности и еднаквите можности за мажите и жените во Република Македонија
- Обезбедување на поврзаност и комплементарност на сите национални документи кои адресираат појави и политики од меѓуресорски и национален интерес
- Унапредување на водењето на родово разделените статистички податоци во сите области на општественото делување и нивно публикување. Статистичките и аналитичките информации за родовите релации во креирањето на политиките програмите и проектите на Владата, треба да бидат рутински дел од анализата на проблемот/ситуацијата. Тие се од голема важност, за да се утврди дали родовите разлики и нееднаквоста е значајно прашање во одредена област, но и за вклучување на родовата перспектива во сите текови, политики и практики. Користењето на статистичките податоци и анализи подразбира применување на принципот на отчетност, но и посветеност, пред домашната и меѓународната јавност. Владата е обврзана да ја интегрира родовата перспектива во сите анализи (статистички и аналитички) и да обезбеди практика на проценка на влијанијата на политиките и програмите од родов аспект во сите министерства и на сите нивоа во креирањето на политиките. Од посебна важност за Република Македонија, особено по последните препораки на Комитетот на CEDAW е да воспостави во најкраток можен рок, статистички систем на разделено прибирање на податоците по пол.
- Воведување и спроведување на родово сензитивно (чувствително) образование не само во наставните планови, програми и учебници и отстранување на родовите стереотипи и предрасуди, туку во сите сфери на живеење и работа. Клучен предуслов за постигнување на кои било мерки е сензибилизираноста и нивото на свесност за родовите политики и перспективи. Оттаму, како неопходност се наметнува едукацијата на сите субјекти кои работат на изготвувањето, усвојувањето и спроведувањето на посебните мерки.

**<u>Родово буџетирање</u>**

Во насока на постигнување на суштинска рамноправност, Европскиот парламент во 2003 година ја усвојува резолуцијата за родово буџетирање - градење јавни буџети од и со родова перспектива.

Родовото буџетирање претставува политичка волја и одлука во постигнувањето на родовата рамноправност. Родовото буџетирање значи примена на практиките на вклучување на родовите преспективи во процесите на буџетирање. Тоа не имплицира само посебни буџети за жените, туку значи **проценка на буџетите од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање**.

*Родовото буџетирање е процес преку кој јавните буџети се испитуваат со цел нивна оценка за тоа дали и колку ја вклучуваат и/или придонесуваат за еднаквост меѓу мажите и жените, а со тоа да предложат промени во насока на постигнување на родова еднаквост*. Притоа, родовата анализа на буџетите им помага на властите да одлучат за тоа како политичките одлуки да ги насочат за постигнување на максимално влијание, како и тоа каде треба да се ре/алоцираат ресурсите за да се постигне повисоко ниво на човечки развој и родова еднаквост. *Буџетирањето не е само финансиска алатка за балансирање меѓу приходната и расходната страна. Како процес, исто така, претставува метод за поставување на приоритети и донесување на одлуки за прашања што влијаат на актуелната и идната ситуација на луѓето и нивната околина*. Буџетските планери потребно е да имаат познавања за ситуацијата, како и да бидат свесни за последиците од поставување на приоритети што имаат влијание врз животите на мажите и жените, сега и во иднина. Буџетирањето често претставува донесување на одлуки помеѓу конкурентните приоритети.

Родовото буџетирање не подразбира создавање на посебни буџети за жени, туку подразбира планирање и имплементирање на буџет што ги зема предвид потребите, приоритетите и проблемите на жените и мажите, како и нивните улоги во рамките на семејството, работното место и заедницата. Игнорирањето на родовото влијание од буџетите не е неутралност, туку родово слепило што може да доведе до високи човечки и економски трошоци: пониска продуктивност, понизок развој на капацитетите на луѓето и пониски нивоа на општа благосостојба.

*Иницијативите на родово буџетирање можат да се спроведат во сите фази од буџетскиот процес: планирањето, донесувањето, спроведувањето и ревидирањето.* Поставените специфични цели се во насока на јакнење на свеста за родовите влијанија на политиките и соодветните буџетски алокации, потенцирање на јазот помеѓу политичките и буџетските алокации, обврзување на властите да бидат одговорни во однос на нивните определби за родова еднаквост и промени во политиките и буџетите што би помогнало за унапредување на статусот на жените, како и постигнување на родова еднаквост. Ц*ел на родовото буџетирање е создавање на буџет во кој родовиот концепт е воведен, што е во насока на прибирање на приходи и планови за јавно трошење, при што се рефлектира подеднаквата дистрибуција на ресурсите во насока на опфаќање и задоволување на потребите на жените и мажите.*

Владата и ресорните министерства се одговорни за креирањето на политики за постигнување на родова рамноправност во секторите кои се нивна одговорност. Ваквите

политики мора да бидат одразени во стратегиите и програмите на ресорните министерства и институции, како и во нивното стратешкото планирање и буџетските импликации, односно да обезбедат соодветни буџетски средства за спроведување на родовите политики.

**Партиципативна демократија - консултации**

Секогаш кога е можно, Владата треба да ги консултира групите **корисници** во однос на нивните потреби и приоритети, како и за потенцијалните решенија и соодветните активности. Неминовно е, во едно демократско општество, првенствено заради обезбедување политики и дејствувања со холистички приод во решавањето на проблемите и надминувањето на недостатоците и јазовите, да се обезбеди и учество на сите **социјални партнери, на граѓанското општество и на медиумите**, како заради хетерогеност, така и заради обезбедување на функционирањето на системот на проверка и отчет.

**Партнерство и соработка**

Искуството стекнато во имплементирањето на претходните политики и мерки за обезбедување на еднаквите можности, покажало дека посветеноста, соработката, партнерството и примената на **начелото на партиципативност** на сите актери од економскиот, социјалниот и политичкиот живот е од исклучително значење во заложбите за постигнување на родовата рамноправност.

Владата на Република Македонија на полето на унапредувањето на статусот на жената и генерално политиката на родовите прашања, препознава повеќе клучни актери:

**Институционалните механизам и** форми како клучна алка во остварување на ефикасна и ефективна мрежа за меѓуресорска соработка и координација на полето на унапредување на родовата рамноправност, со што се обезбедува единствен став и пристап;

**Граѓанските организации** како значаен елемент од граѓанското општество и еден од клучните актери во промовирање и унапредување на родовата рамноправност во Република Македонија. Соработката меѓу Владата, како и другите репрезенти на власта во Република Македонија и граѓанските организации е добра основа за понатамошно учество на граѓанските организации во креирањето на јавните политики, размената на информации и *најдобри практики* во остварувањето на родовата рамноправност, и обезбедување синергија на ставовите, политиките, капацитетите и ресурсите;

**Синдикатот –** Значаен партнер во креирање и имплементација на политики кои имаат стратешко значење за државата и тоа преку активно учество во процесот на подготовка на стратешки документи, учество во работата на Економско социјалниот совет и сл. Покрај тоа, тие се еден од социјалните партнери при склучување на колективните договори на национално ниво (општи, грански и колективни договори на ниво на работодавач) со кои се регулираат правата од работен однос. Унапредувањето на статусот на жената и воспоставувањето на еднаквите можности за жените и мажите се дел од програмските активности на Синдикатот, особено на женските секции.

**Работодавачите -** Клучен партнер за подобрување на состојбата со правата на жената и еднаквите можности за мажите и жените, се токму работодавачите и претставниците на приватниот сектор. Без нивна активна вклученост, не само во консултациите, туку и во донесувањето и креирањето на определени политики и секако во спроведувањето на истите, напредокот во остварувањето на успех во однос на родовата рамноправност и еднаквите можности, ќе биде загрозен или незначителен;

**Меѓународните организации**, како важни партнери и соработници, т.е. важен фактор во обезбедување експертиза, финансиска и техничка поддршка.

Владата на Република Македонија во креирањето и промовирањето на **социјалниот дијалог** ќе ја зајакне соработката со синдикатите, граѓанските организации, меѓународните институции и другите релевантни актери и ќе ги зајакне формите на меѓуинституционална и меѓусекторска координација, со цел да се креира партнерство кое ќе ги адресира критичните прашања поврзани со постигнувањето на родовата рамноправност преку колективно преговарање, консултации, партнерство и други кооперативни методи.

## Стратешки области на дејствување

Националниот план за акција за родова рамноправност содржи десет стратешки области и една кроссекторска област, претставени преку стратешки цели и активности кои во наредниот петогодишен период треба да се постигнат.

## Десетте стратешки области на дејствување:

1. Жената и човековите права
2. Жената во процесите на одлучување
3. Жената и здравјето
4. Жената и социјалната заштита
5. Жената и образованието
6. Жената и вработувањето
7. Жената и насилството
8. Жената и медиумите
9. Жената и мировните активности
10. Жената и животната средина

*I . Кроссекторска област - Родовите перспективи во главните општествени текови, политики и практики*

Голем дел од меѓународните документи посочуваат дека заложбата за родова еднаквост е фундаментален принцип на земјите членки на ЕУ, ОН и Советот на Европа. Сепак, мерејќи го развојот и прогресот во надминување на нееднаквостите помеѓу мажите и жените и постигнување на де факто рамноправност или рамноправност во пракса, се покажуваат недоволни само специфичните и специјалните мерки и програми наменети за подобрување и зајакнување на позицијата на жената.
Она што е неопходно е вклучување на родовите преспективи (gender mainstreaming), во сите политики и програми, уште во фазата на планирање и преземање на низа мерки за промовирање на еднаквите можности.

Ова алатка е усвоена од страна на владите, членки на ЕУ.
Целосниот и систематски приод во вклучувањето на родовите перспективи во главните текови, бара пред се, изградени човечки капацитети во сите релевантни институции и

сектори на национално и локално ниво, воспоставени механизми за координација и следење и се разбира политичка волја.

*<u>Од тие причини десетте стратешки области ќе бидат засилени преку:</u>*

**Зајакнување на институционалните капацитети и механизми за вклучување на родовата перспективи во јавните политики, стратегиите и акциските планови и вклучување на методите на родовото буџетирање на национално и локално ниво.**

| Активности | Индикатори |
|---|---|
| Воспоставување на мерки за систематска употреба на родово-разделени податоци во процесите на планирање, развој, спроведување и оценка на национални, регионални или локални политики, стратегии и акциски планови во сите области. | Број на национални и регионални политики, стратегии и акциски планови, темелени на анализа на состојбите и од родов аспект.<br><br>Број на извештаите и оценки на политиките, стратегиите и акциските планови кои содржат анализа на постигнувањата од родов аспект |
| Подобрување на меѓуминистерската и меѓусекторската координација и соработка за вклучување на родовата преспектива во буџетите на одделните сектори | Формирана меѓуминистерска/меѓусекторска експертска група<br><br>Фрекфренција на меѓусекторски и меѓуминистерски консултации<br><br>Број на сектори кои алоцирале буџетски средства за промовирање на родовата еднаквост |
| Професионална едукација на владините службеници, членовите на Парламентот и локалните самоуправи за вклучување на родовите преспективи во креирањето на политиките, стратегиите и акциските планови и методите на родово буџетирање | Број на покренати иницијативи за вклучување на родовите преспективи во креирањето на политиките, стратегиите и акциските планови и методите на родовото буџетирање<br><br>Број на реализирани професионални едукации за вклучување на родовите преспективи во главните текови и родово буџетирање |
| Следење и анализа на политиките, стратегиите и плановите на Владата и нивна импликација во буџетите од родова преспектива | Политиките, стратегиите и акциските планови ја промовираат родовата еднаквост.<br>Број на сектори кои алоцирале средства од буџетот за промовирање на родовата еднаквост на национално и локално ниво<br>% од националниот буџет алоциран на прашања од областа на родовата еднаквост |

| | |
|---|---|
| Анализа на придобивките на корисниците на политиките, стратегиите и плановите од родов аспект | Опфат на корисниците мажи и жени со политиките, стратегиите и плановите на Владата<br><br>Задоволство на корисниците |

**Одговорни институции, актери, чинители и засегнати страни:**

Влада на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, ресорни министерства и други владини тела, Државен завод за статистика, единиците на локална самоуправа, правосудниот систем, граѓанскиот сектор, научно-истражувачките и образовните установи, синдикатот, работодавачите, меѓународната заедница и други.

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЖЕНАТА

Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија и како договорна страна на меѓународните конвенции за човекови права, во областа на унапредувањето на човековите права на жената реализираше значајни **законодавни активности** на усогласување на домашното законодавство за родовата рамноправност со правото на ЕУ. Во Законот за работните односи од 2005 година и Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите од 2006 година се вградени стандарди од *acquis communautaire.*

Во јануари 1997 година со одлука на Владата на Република Македонија формирано е Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите во рамките на МТСП, а во 1999 година донесен е и првиот Национален план за полова рамноправност.

**Комисијата за еднакви можности на жените и мажите** во Собранието на Република Македонија беше формирана во 2006 година. Основна надлежност на Комисијата е да разгледува предлози на закони и други прописи што ги предлага Владата на Република Македонија од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт.

Имајќи ги предвид меѓународните извештаи за состојбата со почитувањето на човековите права и со препораките на меѓународните организации, особено во делот на борбата против трговијата со жени и деца, како и во доменот на анти-дискриминацијата, законската рамка треба да се дооформи, и секако интензивно да се работи на соодветна примена на законите и владеењето на правото. Врз основа на овие препораки и врз основа на стручните согледувања за состојбата со човековите права во Република Македонија, во периодот што следи се нагласува потребата од: натамошно следење на усогласеноста и спроведувањето на домашното законодавство, ефективно остварување на правата на жената преку: остварување на правната заштита на принципот на еднаквите можности на жените и мажите пред Народниот правобранител, кога нечии права се одземени или ограничени од орган на државната управа или од организации со јавни овластувања и следење и известување за примената на посебните мерки насочени кон промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Исто така, потребно е подигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жените во случај на повреда на нивните права.

**Стратешка цел I**
**Унапредување на правата на жената**

| **Активности:** | **Индикатори:** |
|---|---|
| Континуирано следење на усогласеноста на домашното законодавство со меѓународните стандарди и негово спроведување | Инкорпорирани мегународни стандарди во домашното законодавство |
| Ре-активирање на интернет страницата covekoviprava.gov.mk, и ставање на располагење на инфорамции, документи и материјали за човековите права и правата на жената | Подобрена информираност на јавноста за човековите права и правата на жената |
| Воспоставување на механизам за евиденција на постапките од страна | Број на покренати и решени постапки<br>Воспоставена база на податоци |

| | |
|---|---|
| на Застапникот за еднакви можности на жените и мажите | |
| Дисеминација на меѓународните документи за правата на жената вклучително и препораките на Комитетот на ОН за елиминација на дискриминација врз жените; | Зголемена информираност и свесност на јавноста за човековите права и заштитата на првата на жената |
| Подготовка за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници мигранти и членови на нивните фамилии; | Изготвена анализа |
| | |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Министерство за правда, Меѓуресорско тело на Владата за човекови права, Народен правобранител, Собрание на Република Македонија, единици на локалната самоуправа, јавни установи и служби, Државен завод за статистика, Сојуз на синдикати на Република Македонија и граѓански сектор

## Стратешка цел II

## Ефективно остварување на правата на жените

| **Активности** | **Индикатори:** |
|---|---|
| Предлагање на посебни мерки за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во посебните области од општествениот живот; | Предложени и усвоени посебни мерки<br>Зголемен капацитет и учество на жените во јавниот и политичкиот живот |
| Анализа за почитување и остварување на човековите права на жените од руралните области и жените припаднички на етничките заедници | Изготвена и објавена анализа за степенот на почитување и остварување на човековите права на жените од руралните области и жените припаднички на етничките заедници |
| Јакнење на капацитетите на институциите кои работат во доменот на заштитата на човековите права на жената | Зголемен капацитет на институциите да дејствуваат во заштитата на човековите права, особено на правата на жената |
| Следење и известување на јавноста за остварувањето на правната заштита на принципот на еднаквите можности на жените и мажите пред Народниот правобранител | Изготвен извештај за бројот на поднесени, покренати и решени претставки од страна на Народниот правобранител |
| Анализа и следење на судската практика во поглед на иницирани, спроведени и завршени судски предмети за дискриминација врз основа на пол | Зголемен капацитет за следење и известување |

**Одговорни институции и носители**

Органи на законодавна, извршна и судска власт, единици на локална самоуправа, Народен правобранител, Државен завод за статистика, јавни установи и служби, граѓанскиот сектор

**Стратешка цел III**
**Подигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жената во случај на повреда на нејзините права**

| Активности: | Индикатори: |
|---|---|
| Информирање на јавноста за надлежностите на Застапникот во постапката за правната заштита од дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор | Повисоко ниво на информираност на јавноста за улогата и работата на Застапникот<br>Зголемен број обраќања до Застапникот |
| Објавување и дисеминирање на прилагоднени инфорамции на национално и локално ниво за националните и меѓународните механизми за заштита на правата на жената, особено за:<br>• правото на жената да поднесува индивидулани претставки (барања) до Комитетот на ОН за заштита на правата на жената согласно со дополнителниот Протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација спрема жената,<br>• правото на жената да поднесува индивидуални претставки (барања) пред домашните институции и<br>• оние кои се однесуваат на остварување на правото на обештетување во случаи на прекршување на правата на жената; | Повисоко ниво на информираност и запознаеност на јавноста за своите права<br>Број на поднесоци |
| Спроведување обука на адвокати и судии, полициски службеници, вработени во Народниот правобранител во врска со CEDAW Конвенцијата и со Факултативниот протокол на Конвенцијата | Подобрени знаења и вештини и нивна примена во пракса |

| | |
|---|---|
| Поддршка на волонтерското работење на национално и локално ниво со цел унапредување на правната заштита на жените во случај на повреда на нивните права | Зголемен интерес и број на волонтери/ки и број на обезбедени услуги. |
| Градење на капацитетитите кај жените да си ги бараат своите права, преку подигнување на нивото на свесноста и обезбедување можности за едукација за човековите права, особено во руралните области | Подобрено ниво на информираност и свесност кај жените во руралните области |
| Дизјанирање курикулум и спроведување обука за механизмите и инструментите за заштита на правата на жената и промоција на приниципот на еднакви можности наменета за државните и јавните службеници, вклучувајќи ги вработените во Народниот правобранител, полицискиот и воениот персонал, затворските службеници, здравствениот и медицинскиот персонал и социјалните работници, наставниците и службениците на сите нивоа од образовниот систем, судии, обвинители, судска администрација и парламентот | Ефикасна примена на механизмите и инструментите за заштита на правата на жената<br>Зголемено ниво на информираност, свесност кај државните службеници, судиите, обинителите и другите инволвирани страни<br>Зголемен бројот на поднесени, покренати и решени претставки од Народниот правобранител; |

**Одговорни институции и носители**

Народен правобранител, МТСП, Академија за обука на судии и обвинители, Министерство за правда, Полициска академија, Министерство за образование и наука, Парламент на РМ, Агенција за државни службеници, Државен завод за статистика, единици на локалната самоуправа, граѓански сектор, адвокати и застапници на женските права од граѓанскиот сектор

## ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

За постигнување на зајакнување на жените и нивно подеднакаво учество во сите сфери на јавниот и приватниот живот, од суштинска важност е да се обезбеди и осигура рамноправност на жените во споделувањето на власта и активното учество во креирањето на политиките, одлучувањето на сите нивоа од јавниот и политичкиот живот. Слични мерки треба да се преземат за охрабрување и зацврстување на жените во приватниот живот и семејното одлучување. Мерките треба да одат во насока на гарантирање на еднаков пристап и целосно учество на сите нивоа во јавниот живот, а тоа најдобро се постигнува со специјалните и со афирмативните мерки, како и активностите и мерките кои го овозможуваат непречениот напредок во оваа сфера.

Република Македонија во изминатиот период бележи напредок и има постигнато видливи резултати во напорите да вопостави балансирано учество на жените и мажите во власта и во процесите на одлучување. Во периодот на реализирање на првиот Национален план

за полова рамноправност (1999-2007), Република Македонија постепено го бележеше својот напредок, особено во делот на застапеноста на жената во власта, политичкиот живот и процесите на одлучување, како и во однос на воспоставеното законодавство по ова прашање, што претставуваше и забележителен напредок на ниво на регионот.

За илустрација и споредба, резултатите постигнати во и со примената на НПАПР 1999-2007 излгедаат вака:

| Застапеност на жените | 2002-2006 | 2006 |
|---|---|---|
| Жени парламентарки | 21 (17,5%) | 33 (27,5%) |
| Жени миниситерки | 3 (17,6%) | 3 (13,6%) |
| Жени градоначалнички | 3 (2,5%) | 3 (3,6%) |
| Жени советнички во советите на ЛС | 161 (8,3%) | 309 (21,7%) |

Во мај 2006 година беше донесен **Законот за еднакви можности на жените и мажите** со што се создаде конзистентна правна рамка за постигнување на балансот и еднаквите можности на жените и мажите во сите домени на живеење во Република Македонија. Со почетокот на процесот на децентрализација на 1. 7.2005 година се овозможи формирање на комисиите за еднакви можности на жените и мажите при советите во единиците на локалната самоуправа. Со донесувањето на Законот, дооформувањето на структурата и именувањето на кориднаторите стана иманентно како на локално ниво, така и на централно ниво.. Досега се формирани 45 комисии за еднакви можности на жените и мажите во рамките на советите на единиците на локалната самоуправа и формирана е комисијата во Собранието на Република Македонија, назначени се шест (6) координатори за еднакви можности на жените и мажите во органите на државната управа, а во голем дел на локални самоуправи се направени измените и дополнувањата на актот за систематизација и е започнат процесот на назначување. Но мора да се забележи, дека и покрај утврдувањето на роковите за воспоставување на структурите на национално и на локално ниво и на предвидените санкциии за задоцнувањето во примената на Законот, тоа сепак се случува, а самата важност на Законот за целиот процес се дезавуира со непримената токму на санкционите одредби.

Во однос на учеството на жената во власта и процесите на одлучување, во изминатите години неколку пати беше унапредувана законската регулатива преку дополнувања и измени на Законот за избор на пратеници, на Законот за локална самоуправа и во 2006 година беше донесен Изборниот законик со кој се предвидува на изборните листи за избор на пратеници и избор на советници во секои три места, едно место му припага на помалку застапениот пол.

Веќе во 1999 година, при Министерството за труд и социјална политка се формираше Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите. Во март 2007 година, согласно законските одредби, во Министерството за труд и социјална политика формиран е Сектор за еднакви можности во чии рамки ке се третира прашањето на еднаквите можности на жените и мажите.

**Мегутоа и покрај направениот видлив прогрес се уште неможе да се зборува за постигнување на сакано ниво на вистинска рамноправност**.

Поставените стратешки цели и приоритети во новиот Национален план за акција за родова рамноправност (2007-2012) се мерки кои преку соодветни активности ќе придонесат кон воспоставување на вистинска рамноправност на жените и мажите во сферата на власта и процесите на одлучување. Зголемувањето на капацитетите на

Секторот за еднакви можности, човечките ресурси и финансиските средства, дооформувањето на мрежата на комисиите за еднакви можности на жените и мажите при советите на единиците на локалната самоуправа, како и завршување на процесот на назначување на координатори по единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа, се само дел од предвидените активности за наредниот период кои ќе придонесат кон постигнување на поставената генерална цел. Со овој НАП и утврдените цели се предвидуваат мерки за надминување на проблемите со слабата застапеноста на жените во политичките, економските и одлучувачките процеси, поткрепени со истражувања и податоци.

Постигнувањето на родовата рамноправност имплицира промени за мажите, исто како, и за жените. Од тие причини од есенцијално значење е и мажите и жените активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за постигнување на родова рамноправност. Главните области се промовирање на флексибилноста во работните обврски и балансирање помеѓу професионалиот и приватниот живот на жените и мажите.

Со преземањето мерки и активности во оваа стратешка област ќе се постигне:

Повисок степен на имплементацијата на Законот за еднакви можности за жените и мажите, зајакнат и ефикасен национален систем и структура за постигнување на балансот на еднаквите можности за жените и мажите, повисоко ниво на информираност и свесност како во владините структури, така и кај пошироката јавност, односно повисоко ниво на сензибилизираност и знаење на сите нивоа во државата, а особено во јавната управа, сензибилизирани и информирани медиуми, компетнента работа на службите на локално и национално ниво, поголем процент на застапеност на жените на централно и локално ниво, и во сите одлучувачки структури, зголемена охрабреност/зацврстеност на жените за учество во јавниот и политичкиот живот, поголем број на родово чувствителни и ориентирани мерки, активности и политики, зголемено учество на жените во политичките партии, намален број на случаи на семејно гласања, зголемен процент на учество во јавниот и политичкиот живот на жени Албанки и Ромки, како и на жени од руралните области.

**Стратешка цел I**

**Унапредување на машинеријата за родова рамноправност на национално и локално ниво**

| Активности | Индикатори |
|---|---|
| Зајакнување на капацитетите, подобрување на видливоста на човечките и финансиските ресурси на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика | Реализирани програми на Секторот за еднакви можности<br>Алоцирани средства од Буџетот<br>Подобрена информираност на граѓаните за иницијативите на Секторот за еднакви можности |
| Воспоставување на механизам за соработка и координација меѓу институционалните механизми за родова рамноправност на национално и локално ниво (Министерството за труд и социјална политика, координаторите за еднакви можности на жените и мажите при органите на државната управа, комисиите за | Воспоставени механизми и структура<br>Број на заеднички иницијативи на институционалните механизми за родова рамноправност<br>Подобрен проток на информации |

| | |
|---|---|
| еднакви можности на жените и мажите при советите на единиците на локалната самоуправа и координаторите за еднакви можности на жените и мажите во рамките на единиците на локалната самоуправа) | |
| Воспоставување на ICT систем за полесен проток на информации и известување меѓу институционалните механизми за родова рамноправност на национално и локално ниво | Подобрена комуникација, размена и споделување на податоци и координација на политики и активности |
| Континуирана едукација на субјектите вклучени во институционалните механизми | Обучена и сензибилизирана администрација<br>Компетентно спроведување на задачите и активностите |
| Информирање на јавноста за функционирањето, структурата и механизмот за родова рамноправност | Информирана јавност и повисоко ниво на јавната свест за важноста и можноста за постигнување на родовата рамноправност и државните политики во тој домен |

**Одговорни институции и носители**

Органите на управата, Министерството за труд и социјална политика, Владата на Република Македонија, Собранието на РМ, единиците на локалната самоуправа, Комисијата за еднакви можности во Парламентот, Народниот правобранител, Државниот завод за статистика, граѓанскиот сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II
## Суштинска застапеност на жените во извршната, законодавната и судската власт вклучувајќи специјални мерки и програми

| **Активности** | **Индикатори** |
|---|---|
| Воспоставување на специјални мерки за балансирано учество на жените на раководни функции во јавната и државната администрација | Изготвени, усвоени и спроведени политики/мерки/квоти<br>(Зголемен) број на жени на раководни функции и на високи работни места во јавната и државната администрација<br>Подобрено ниво на свесност и разбирање во јавната и државната служба за родовите прашања |
| Воспоставување на специјални мерки за балансирано учество на жените во сите нивоа на локалната самоуправа | Изготвени, усвоени и спроведени политики/мерки/квоти<br>(Зголемен) број на жени на раководни функции и на високи работни места на локално ниво |
| Воспоставување на специјални мерки за балансирано учество | Изготвени, усвоени и спроведени политики/мерки/квоти |

| | |
|---|---|
| на жените на функциите доделени по пат на именување на национално и меѓународно ниво | (Зголемен) број на жени назначени за служба на меѓународно ниво<br>Подобрено ниво на разбирање и свест за родовата рамноправност и балансираниот приод |
| Воспоставување на механизам за следење на застапеноста на жените во извршната, законодавната и судската власт | Воспоставен механизам/квота/ политика/мерка<br>(Зголемен) број на жени именувани на места во сите три нивоа на власт во земјата<br>Подобрено ниво на разбирање и свест за родовата рамноправност и балансираниот приод |
| Воспоставување на специјални мерки за балансирано учество на жените во политичките партии | Подобрена законска рамка<br>(Зголемен) број на жени на ангажирани на повисоки места во политчките партии<br>(Зголемен) број на жени пратеници и советници во парламентот и во советите на локалната самоуправа (како и во Владата)<br>Подобрено ниво на разбирање и свест за родовата рамноправност и балансираниот приод во политичкиот живот |

**Одговорни институции и носители**

Министерството за труд и социјална политика, Владата на Република Македонија, Собранието на РМ, единиците на локалната самоупрва, Парламентот, Републичкиот судски совет, Јавното обвинителство, ЗЕЛС, Народниот правобранител, политичките партии

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III

**Јакнење на свеста на жените и мажите за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот и во процесите на одлучување**

| **Активности** | **Индикатори** |
|---|---|
| Поддршка и имплементација на програми за јакнење на свеста за еднаква застапеност на жените и мажите во процесите на одлучување насочени кон различни целни групи | Дизјанирана и спроведена програма<br>Подобрено разбирање и клима за учеството на жените во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки<br>Зголемен број на жени кои учествуваат во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки<br>Зголемен број на жени Ромки и Албанки во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки на национално и на локално ниво<br>Зголемено учество на жените од руралните средини во процесите на креирање на |

| | |
|---|---|
| | политики и донесување на одлуки на локално ниво |
| Спроведување кампања за потребата од вистинска застапеност на жените во извршната, законодавната и судската власт | Сензибилизирана и свесна јавност<br>Подобрена состојба и клима во извршната, законодавната и судската власт |
| Поддршка и имплементација на програми за охрабрување/зајакнување на жените за гласање по сопствен избор и искоренување на семејното гласање | Намален број на случаи на семејно гласање<br>Подобрени родово оринетирани политики и принципи на политичките партии |

**Одговорни институции и носители**

Министерството за труд и социјална политика, единиците на локалната самоупрва, политичките партии, истражувачките институции и граѓанскиот сектор

## ЖЕНИТЕ И ЗДРАВЈЕТО

Целта на родово-заснованата здравствена политика е да се подобри здравствениот статус на популацијата преку намалување на јазот меѓу популационите групи кој произлегува од нивната различност.

Иако досега во однос на родовата рамноправност во некои области на здравствената заштита во Република Македонија е постигнат напредок, се уште постојат разлики во статусот меѓу мажите и жените. Министерството за здравство ќе продолжи да ги поддржува принципите на рамноправност, да ја почитува различноста, да промовира еднаква здравствена заштита за сите и да ги вклучува проблемите на родовата рамноправноста во идните јавни здравствени мерки.

Периодот од 1999-2006 год. во однос на спроведувањето на НАП за рамноправност меѓу половите, се карактеризира со постигнување на одреден степен на унапредување на здравјето на жените што се должи повеќе на примената во праксата на стручните и научните знаења и претпоставки од страна на лекарите и другите медицински професионалци, отколку на систематско, организирано и стратешко делување за спроведување на НАП-от, што се огледа во фактот дека:

- Не постои лице или тело задолжено за координација на активностите поврзани со спроведувањето на НПАРР
- Нема механизми за следење
- Нема пишувани документи, анализи или извештаи за прогресот на НПАРР од областа жените и здравјето

Родово-заснованата анализа на здравствената состојба на населението е есенцијалната алатка преку која се обезбедува реалноста на животот на жената да се рефлектира во сите владини здравствени стратегии, политики, програми и сервиси.

За да се максимализира ефектот на заложбите за родова рамноправност во областа на здравствената заштита, потребно е да се унапреди методологијата на работа од областа на статистичките показатели на здравјето на жената во текот на целиот живот.

Во поминатиот период од 1999-2006 г. не е направена анализа на постоечкиот систем на здравствена заштита и практика низ родовата перспектива, со исклучок на податоците за некои аспекти на здравјето на жените во репродуктивниот период. Недостасуваат анализи особено за некои популациони групи, како што се:

- Старите жени, адолецентките, жените од руралните подрачја, жените од маргинализираните / вулнерабилните групи

Податоците за заштита на здравјето и во превентивните програми, најчесто, повторно се поврзани со репродукцијата и малигните болести на репродуктивниот систем. Предвидената соработка со Заводот за статистика на Република Македонија, со цел модернизирање на системот за собирање и анализа на податоците не е остварена во периодот од 1999-2006 г. Не се дефинирани параметрите што треба да се следат, ниту методите кои треба да се користат, како и формите и временскиот распоред на извештаите за здравјето на жената.

**Актуелно не постои систематско собирање, следење, обработка и објавување на сите здравствени показатели низ призмата на родовата рамноправност во областа на здравјето.** Не постојат механизми за контрола и систематско пријавување до Републичкиот завод за здравствена заштита на податоци поврзани особено со прекин на бременост, мајчин моралитет, примена на контрацептивни средства, репродуктивното здравје, како и податоци за специфични состојби/болести поврзани со одреден период од животот на жената и др.

На ниво на примарната здравствена заштита (ПЗЗ) е задоволувачка достапноста до здравствената заштита која е поврзана со репродуктивното здравје и сексуалноста, и иако со програмите за планирање на семејството е предвидено да се опфатат најмалку 10% од жените во репродуктивниот период, постои тренд на намалување на бројот на посети во советувалиштата во последните 10 г., каде што се добиваат основните информации и се влијае врз одговорноста за сексуалното и репродуктивното здравје.

Во здравствената мрежа во земјата не постојат установи прилагодени на потребите за згрижување и добивање информации за репродуктивното и сексуалноста за посебно осетливите популациони групи на жени меѓу кои од посебен интерес се адолесцентите. Недоволно, преку призмата на половата припадност се посветува внимание на сексуално преносливите болести и нема доволно информации и свесност за потребата од одговорно сексуално однесување, особено кај младите. Нема доволна информираност и за превентивните програми кои актуелно се применуваат и се финансираат од Буџетот на Република Македонија.

За сите овие состојби, во голема мерка влијае недоволната информираност и недоволната свесност за потребата од одговорно сексуално однесување и за важноста на репродуктивното здравје. Ова особено се однесува на некои популациони групи (рурално население, адолесценти, немнозински заедници, ризични или маргинализирани групи).

Во изборот на стартешката цел 2 земени се предвид и препораките кои произлегуваат од Европската стратегија за промоција на здравјето и на сексуалните права и репродукција (РЕЦ 1675(2004г.), со која репродуктивното здравје се дефинира како добра физичка, ментална и социјална состојба и затоа се повикуваат на државите членки на Советот на Европа преку национални стратегии да влијаат на подобрата едукација за сексуалното и репродуктивното здравје и да создадат услови за квалитетно и систематско собирање на релевантни податоци од оваа област.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

### Обезбедување на релевантни и навремени полово-разделени статистички показатели во областа на здравството и подигање на свеста за нивното значење

| Активности: | Индикатори: |
|---|---|
| Утврдување на недостатоците и унапредување на постоечкиот систем за собирање на податоците за здравјето на жените и мажите | Изработена гап анализа |
| Утврдување на позитивните практики во систематско собирање на полово - разделените статистички податоци | Број на полово-разделените податоци вградени во стратешки документи од областа на здравството<br>Зголемен капацитет за прибирање и обработка на статистички полово-поделени податоци |
| Усогласување и воедначување на регулативите во однос на системот на собирање на податоци | Висок степен на усогласеност на регулативите и меѓународните обврски |
| Дефинирање и воедначување на методологии за собирање на здравствени податоци според пол и нивна дисиминација | Утврдени методологии<br>Зголемен капацитет на кадрите за примена на методологиите |
| Едукација и обука за примена на методологиите за прибирање на податоци | Број на спроведени едукативни активности за примена на методологиите за прибирање на податоци. Зголемено ниво на информираност и компетентност за методологии за прибирање на податоци<br>Зголемен капацитет за прибирање и обработка на статистички поделени податоци |

**Одговорни институции и носители**

Државен завод за статистика, Републички завод за здравствена заштита, Фонд за здравствено осигурување, Агенција за вработување, Влада на РМ, Собрание на РМ и граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II

### Подобрување на информираноста и засилување на одговорноста за сексуалното и репродуктивно здравје

| Активности: | Индикатори: |
|---|---|
| Подготовка и спроведување на програми за здравствена едукација од областа репродуктивното здравје и | Намалување на бројот на извршени абортуси како начин на контрацепција |

| | |
|---|---|
| одговорното сексуално однесување, прилагодени на возраста, традицијата, општото образование и местото на живеење и социјалниот слој | за најмалку 10%,<br>Намалување на бројот на сексуално преносливите болести за 10% и<br>Зголемување на процентот на користење на контрацептивните средства за најмалку 10%<br>Зголемено ниво на информираност, свест и знаење кај сите категории на популацијата |
| Дополнување и осовременување на наставните програми во целиот образовен процес од обласата на сексуалното и репродуктивното здравје, со нагласок на заштитата од несакана бременост и сексуално преносливи инфекции | Намален број на несакани бремености, абортуси и лекувања од сексуално преносливите инфекции<br>Зголемено ниво на информираност, свест и знаење кај младата популација |
| Создавање на услови за подигање на степенот на заштита од сексуално преносливи инфекции со обезбедување на директен пристап на услугите во советувалиштата, отворање на поголем број советувалишта прилагодени на потребите на популацијата | Зголемено ниво на информираност на јавноста за постоење на советувалиштата<br>Зголемен број на услуги во советувалиштата зголемено ниво на свест и знаење за сексуално преносливите болести |
| Засилување на механизмите за регистрација за користење на контрацептивни средства и за бројот на извршени абортуси во приватното и јавното здравство | Зголемен капацитет и компетентност во приватното и јавното здравство |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за здравство, Републички завод за здравствена заштита, Фонд за здравствено осигурување, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука и со него поврзаните институции, Медицински факултет, здравствени институции на локално ниво, специјализирани здравствени институции од обласата на репродуктивното здравје и сексуалноста, Патронажна служба, сите образовни институции на локално и државно ниво, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III

**Подобрување на превентивните програми за унапредување на здравјето на мажите и жените за најчестите состојби во однос на морбидитетот и морталитетот**

| **Активности** | **Индикатори** |
|---|---|
| Зајакнување и зголемување на постоечките превентивни програми (карцином на грлото на матката, карцином на дојката, карцином на | Зголемување на опфатот на женската популација на која е направен скрининг за карцином на грлото на матката на околу 30% годишно |

| | |
|---|---|
| јајниците) | Соодветно опремени ординации и лаборатории на ниво на ПЗЗ<br>Намалување на морбидитет и морталитет од состојбите за кои се спроведуваат превентивните програми<br>Број на изготвени и дистрибуирани информативни материјали прилагодени на потребите на целните групи<br>Број на спроведени едукативни активности за целните групи<br>Зголемено ниво на информираност и свест кај широката популација за карциногените заболувања<br>Зголемена превенција и рано откривање на појавата на карцином |
| Изготвување на анализа за состојбата со карциномот на дојката кај жените и карцином на простата кај мажите | Изготвена анализа |
| Спроведување едукативни и информативни активности во врска со појавата на карциномот | Зголемено ниво на информираност, свест и знаење кај широката популација<br>Зголемен број на рано откриени појави на карцином |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за здравство на Р. Македонија, Фонд за здравствено осигурување на Р. Македонија, Институт за онкологија и радиотерапија, гинеколошко-акушерски здравствени организации на ниво на ПЗЗ, граѓанскиот сектор

## ЖЕНИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

На голем ризик од сиромаштија изложени се: децата без родители и родителска грижа, самохраните мајки, инвалидните и старите лица, Ромите). Децата и младите без родители и родителска грижа без оглед на пол се згрижуваат во установи. Близу 600 деца живеат во институции. Самохраните мајки долго остануваат само на програмите за парична социјална помош. Се оценува дека државните програми за помош на инвалидните лица се недоволни. Нивната социјална интеграција е мала. Жените од немнозинските етнички заедници, не го започнуваат или завршуваат своето формално образование. Истовремено, нема доволно специфични програми за неформално образование и стекнување на социјални вештини. Учество на лицата постари од 65 години во вкупното население изнесува 10%, што е показател за изразено демографско стареење на населението. Само 03% од старите лица можат да користат домско сместување заради ограничените капацитети. Традиционалните ставови и немањето соодветни форми на заштита и сервисни услуги како во урбаните така и во руралните средини ја врзуваат жената во рамките на семејството околу грижата за старите лица.

Заради подигање на квалитетот на грижата, последниве години се воведуваат нови пристапи во давањето помош и заштита. Владата воведе нови форми и служби за грижа и заштита ориентирани кон заедницата (17 дневни центри за деца и млади со хендикеп, 6 засолништа за жени-жртви на семејното насилство, дневен центар за деца на улица, 6 дневни центри за лицата кои злоупотребуваат дроги и нивните семејства.) . Соработката со граѓанскиот сектор ги промовира и зајакнува новите пристапи и специфични идеи во социјалната работа за социјално вклучување на маргинализираните групи.

Во доменот на социјалната заштита постои застарен систем на собирање и обработка на статистичките податоци. Понатаму, не постои или се недоволно развиени родово сензибилизираните податоци. Нема егзактни податоци за составот на маргинализираните женски групи по ризици. Се уште не се применува методологијата за собирање на родово разделени податоци, и не е соодветно развиен системот за размена на податоци од различни сектори.

Горенаведените податоци укажуваат на сериозни и алармантни сосојби во сферата на социјалната заштита на граѓаните, кои бараат итни и сеопфатни мерки и активности за ублажување, подобрување и надминување на истите

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Светска банка и УНИЦЕФ почна да го развива системот за собирање и обработка на релевантни статистички податоци.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

**Поефикасна социјална заштита за маргинализираните групи на население**

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Донесување на нов Закон за социјална заштита и направени измени и дополнувања на Законот за семејство каде ке бидат дефинирани алтернативни форми на социјална заштита и подобро таргетирање на најсиромашните и насоченост кон работно неспособните членови | Подобрување на регулативата во врска со социјалната заштита<br>Донесување на нови закони и дополнување на постојните |
| Развивање на алтернативни форми на социјална заштита насочени кон различни целни групи | Зголемен број на новоформирани алтернативни форми на социјална заштита |
| Подоготовка и спроведување на прилагодени програми за социјално вклучување со фокус на децата без родители и родителска грижа, самохраните родители, мајки на деца на улица, мајки на деца со посебни потреби, лицата со посебни потреби и припадничките на немнозинските заедници | Зголемен број на социјално вклучени лица од ранливите групи<br>Подобрен квалитет на живот на извесен број лица од ранливите групи |
| Подготовка, зголемување и спроведување на дефинирани програми за информирање, едукација | Зголемен број на информирани и едуцирани лица од ранливите групи<br>Зголемен број на лица со капацитет за |

| | |
|---|---|
| и стекнување на животни вештини | вклучување во редовните животни текови<br>Подобрен квалитет на живот на извесен број  лица од ранливите групи |

**Одговорни институции и носители**

Влада на РМ, Министерство за труд и социјална политика, Собрание на РМ, Завод за социјални дејности, Локална самоуправа, центрите за социјална работа, установите за социјална заштита, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА  ЦЕЛ II

### Унапредување на грижата и заштитата на старите лица

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Селектирање и спроведување на приоритетни алтернативни форми за унапредување на социјалната заштита на старите  лица, на локално ниво. | Отворени  4 центри за сервисни услуги во домашни услови / два во урбани и два во рурални средини<br>Зголемен  капацитет  за сместување во установи |
| Зголемување на бројот на институции за грижа на стари лица и нивно соодветно територијално распределување. | Зголемен  капацитет  за сместување во установи |
| Спроведување на информативна кампања за услугите од областа на социјалната заштита кои се достапни на  старите лица, на национално и на локално ниво. | Зголемено ниво на информираност за услугите од областа на социјалната заштита достапни на старите лица |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, центри за социјална работа, установи за социјална заштита, Министерство за локална самоуправа, Завод за социјални дејности, Министерство за здравство, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III

### Обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на  системот на социјална заштита

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Спроведување анализа на постоечкиот систем за собирање на статистички податоци од областа на социјалната заштита, вклучувајќи го родовиот и етничкиот аспект | Изговена анализа и утврдени јазови и недостатоци<br>Зголемен број на параметри на родово и етнички разделени податоци кои ќе се следат |
| Утврдување на позитивните практики | Примена на позитивни практики во |

| | |
|---|---|
| во систематското собирање на родово разделени статистички податоци од областа на социјалната заштита | прибирањето и обработката на родово разделените податоци<br><br>Зголемен број на стручни работници во институциите кои ќе користат современи методологии за собирање на релевантни статистички податоци |
| Осовременување и воедначување на методологијата за собирање на родово разделени податоци и нивна дисеминација | Зголемена примена на родово разделените податоци во стратешките документи од областа на социјалната политика |
| Едукација и обука за примена на методологијата за прибирање на податоците | Зголемен број на стручни работници во институциите кои ќе користат современи методологии за собирање на релевантни статистички податоци |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Завод за социјални дејности, установи од областа на социјалната заштита, Државен завод за статистика, граѓански сектор

## ЖЕНИТЕ И ОБРАЗОВАНИЕТО

Во образовниот процес, генерално, нема  родов дисбаланс во однос на вклученоста во сите степени на образование. Сепак во периодот на транзицијата, покрај појава на голем број стереотипи во учебниците и учебните помагала, како и недоволно инкорпориран концепт на родовата рамноправност во наставните програми и вон-наставните активности, се појавува и загрижувачкиот податок на се поголем број на осипувања на женскта популација од образовниот систем. За да се отстранат сите овие недостатоци потребни се низа активности.

Од статистичките податоци,  без подетална анализа се согледува дека постои подеднаква застапеност  на двата пола во сите степени на образованието, меѓутоа со анализа на податоците се утврдува дека постои голем дисбаланс во однос на изборот на видот на образованието. И натаму постојат ,,машки,, и ,,женски,,  професии. Најголем број на ученички во средното образование се запишуваат во училишта, медицинските економските, гимназиите, а многу е мал бројот на девојчињата кои се запишуваат во техничките училишта. За да се постигне родов баланс и при изборот на струките и профилите потребни се активности кои ќе придонесат кон зајакнување на професионалното ориентирање и зголемување на стимулативните мерки.

Исто така, постојните податоци укажуваат на недоволна вклученост на девојчињата од руралните средини, како и девојчињата од немнозинските заедници во образовниот процес. Загрижувачки е процентот на ромските девојчиња кои не го завршуваат основното образование. Причините за ваквата ситуација се во традиционалните сфаќања, во социјалниот статус и ексклузијата на овие групи, оддалеченоста на местото на живеење од местата каде се наоѓаат средните училишта и високообразовните институции.

Токму затоа, во наредниот период се предлагаат мерки и активности насочени кон отстранување на родовите стереотипи од наставните планови, програми и помагала, како и зголемување на опфатот на девојчињата од етничките заедници и од руралните средини во образовниот процес и спречување на трендот на осипување.

Во јануари 2007 година Одборот за акредитација на високото образование во Министерството за образование и наука ја прифати и акредитира студиската програма за додипломски студии од областа на родовите студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

**Отстранување на родовиот стереотип и воведување на образование за родовата рамноправност во процесот на воспитувањето и образованието, како и научно истражувачките активности во сите степени на образование**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Формирање на експертски тим во Бирото за развој на образованието со цел редизајнирање на учебниците, учебните помагала и наставните програми; | Зајакнати капацитети и експертиза за активно учество во редизајнирањето на учебниците и учебните помагала и наставните програми; |
| Редизајнирање на учебниците и учебните помагала во сите степени на образовниот систем во однос на стереотипите од аспект на родовата рамноправност | Број на направени измени во содржините во учебниците и учебните помагала за отстранување на стереотипите;<br>Зголемена сензибилизираност кон родовите прашања и родовите улоги во учебниците и учебните помагала |
| Спроведување на кампања за подигнување на свеста и задолжителна едукација од областа на родовите односи, родовата рамноправности и препознавањето и надминувањето на родовите стереотипи за носители на воспитно образовниот процес на сите нивоа | Спроведени кампањи и медиумски презентации и дебати;<br>Зголемено ниво на сензибилизираност, информираност и едуцираност на носителите на воспитно образовниот процес на сите нивоа на образованието<br>Зголемена родова сензибилизираност на младите генерации |
| Континуирано развивање на високо научните институции за воведување на содржини кои се однесуваат на родовата рамноправност до дипломските и постдипломските студии | Зголемено ниво на информираност и едуцираност на носителите на воспитно образовниот процес во научните институции<br>Зголемена родова сензибилизираност на младите генерации |
| Воведување на вонанаставни едукациски програми за предучилишни установи, основни и средни училишта за родовата рамноправност; | Број на реализирани програми и проекти во основните и средните училишта |
| Зголемување и поддршка на научно-истражувачки проекти и проекти од | Број на воведени содржини во програмите на високо научните |

| | |
|---|---|
| подрачјето и на културата кои го содржат концептот на родовата рамноправност | институции од аспект на родовата рамноправност;<br>Број на финансиски поддржани проекти кои во себе го содржат концептот на родовата рамноправност |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Министерство за труд и социјална политика, образовните институции од сите нивоа, Министерство за култура, единиците на локалната самоуправа, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II

### Родово балансирање во изборот на образовните струки и профили во средните и високо образовните институции.

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Иницирање на измена и дополнување на законската и друга регулатива во однос на уписната политика, како и мотивација (стипендии, студиски патувања, ученички и студентски стандард, квоти и сл) во средните и високо образовните институции од аспект на родовата рамноправност | Направени измени на Законот за средно образование и Законот за високо образование и на Законот за ученички и студентски стандард<br>Зголемен број на добиени стипендии, унапреден студентски стандард, студиски патувања и размени, квоти и сл. |
| Дефинирање на мрежа на стручни училишта за обезбедување широка достапност за средно образование спред интересот на учениците и потребата на локалната средина, и овозможување на секое дете минимално професионално оспособување | Зголемен број деца (со поголема застапеност на женски деца) при уписите во средните училишта.<br>Зголемен број на запишани и завршени ученички во средните технички училишта. |
| Зајакнување на Службата за професионална ориентација (педагози, социолози, психолози и др.) при Агенција за вработување и основните и средните училишта | Зголемен капацитет и компетентност на службите за професионална ореинтација<br>Број на спроведени обуки за стручните служби за професионална ориентација и кариерен развој.<br>Зголем баланс на упис на момчиња и девојчиња во сите струки<br>Зајакнато афирмирање и промовирање на атрактивноста на училиштата и високо образовните институции каде што не е подеднакво застапен бројот на обата пола |

| | |
|---|---|
| Информирање за состојбите и движењата на пазарот на трудот и усогласување на податоците за потребата од работна сила на пазарот на трудот со уписните политики на надлежните образовни институции, преку активни мерки за разбивање на традиционално машки и женски професии и промовирање на родовата рамноправност | Зголем баланс на упис на момчиња и девојчиња во сите струки<br>Формирана база на податоци за потребата од работна сила на пазарот на трудот од аспект на родовата рамноправност |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Биро за развој на образованието, Агенција за вработување на РМ, Државен завод за статистика, образовни институции за средно и високо образование

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ III**

**Зголемен опфат и намалување на стапката на осипувањето од образовниот процес на девојчињата од немнозинските заедници и од руралните средини и подобрен пристап до образованието на возрасни**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Изработка на анализа за причините и опфатот на осипување на девојчињата од немнозинските заедници и девојчињата од руралните средини на сите образовни нивоа | Изготвена анализа и утврдени причините и проблемите во врска со опфатот и осипувањето на девојчињата од немнозинските заедници и руралните средини; |
| Спроведување на интензивна кампања во етничките заедници (особено во ромската и албанската етничка заедница) и во руралните средини насочена кон зголемување на опфатот и намалување на осипувањето во образовниот процес | Број на реализирани кампањи, дисиминација на пропаганден материјал<br>Намален број на осипувања од наставниот процес<br>Зголемен број на уписи на девојчиња од руралните области |
| Спроведување на анализа за почитување на законската регулатива во однос на задолжителното средно образование | Утврдени состојби и причини за (не)почитувањето на законската регулатива во однос на задолжителното средно образование |
| Спроведување активности за едукација на родителите и старателите за потребата од | Зголемено ниво на сензибилизирани и информирани ученици, родители и старатели за потребата и обврската за |

| | |
|---|---|
| образование и законската регулатива во смисла на задолжителното образование и другите степени на образование | задолжително образование |
| Спроведување на активнсоти за сензитивизација, едукација и вклучување на наставниците во активните политики на образовниот процес во правец на намалување на осипувањето | Ниво на сензибилизраним и информирани наставни кадри<br>Зголемено ниво на сензибилизирани и информирани ученици |
| Изготвување на родово сензитивни програми за образование на возрасни, имајќи ги во предвид потребите и можностите на жените и мажите | Донесени и применети родово сензитивни програми за образование на возрасни<br>Зголемено ниво на информираност и сензибилизираност кај лицата кои следат образование за возрасни |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за образование, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделие, единиците на локалната самоуправа, Собрание на Република Македонија, Биро за развој на образованието, граѓански сектор

## 7.6. ЖЕНИТЕ И ВРАБОТУВАЊЕТО

Пазарот на труд во Република Македонија се карактеризира со екстремно ниска стапка на вработеност и многу висока стапка на невработеност. Општата стапка на вработеност во Република Македонија беше 37,9%(2005) во споредба со 63,8% во Европската унија. Загрижувачки е тоа што невработеноста во Македонија расте од година во година, од 31,2% во 2001 година на 37,9% во 2005 година и покрај извесниот економски раст во овие години.

| Стапки на вработеност | Македонија 2005 | Национални цели 2010 | ЕУ 25 2005 | Лисабонски/Стокхолмски цели на ЕУ за 2010 |
|---|---|---|---|---|
| Општа стапка на вработеност | 37,9% | 48% | 63,8% | 70% |
| Стапка на вработеност на жени | 30,1% | 38% | 56,35 | 60% |

**Главните предизивици** на состојбата во Република Македонија со вработувањето се:

- ниско ниво на креирање на работни места како резултат на бавниот економски раст и недостигот на инвестиции;
- широко распространета сива економија
- регионални разлики
- социјални проблеми

- екстремно висока невработеност кај младите
- многу висока стапка на невработеност на долгорочно невработените и невработеност на ранливите групи
- родова нееднаквост, и
- неусогласеност помеѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот.

Остварување на подинамичен економски развој и креирање на нови работни места на среден рок се предидува да се оствари со заокружен концепт на стратешки развоен менаџмент на расположливите ресурси, содржан во Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2006-2010 година. Во таа насока, Владата на РМ донесе Национална стратегија за вработување 2010 година во која за прв пат е инкорпориран и родовиот концепт. Согласно со оваа стратегија на годишно ниво се подготвува Оперативен план за активните политики на вработување.

Стратешките цели во делот „Жените и вработувањето„ во Националниот план за акција за родова рамноправност се усогласени со Националната стратегија за вработување и Програмата на Владата на Република Македонија и се насочени кон зголемување на стапката на вработеност кај жените во вкупната стапка на вработеност и унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените во Република Македонија.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

### Зголемување на стапката на вработеност кај жените во вкупната стапка на вработеност

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Поддршка на женското претпиремништво со мерки на финансиска и нефинансиска поддршка за а) олеснување на пристапот до кредити, и б) развивање на солидарни шеми | 38% вработени жени до 2012 година со посебна опфатеност на етничките групи<br>Зголемен број на жени претпиемачи<br>Зголемена зајакнатост на жените |
| Спроведување на програми за претприемништво на Владата за обука на менаџери и менаџерско советување | Зголемен опфат на жените во обуките за менаџери и менеџерско советување |
| Спроведување на антивности за дообразование, стручо оспособување, преквалификација на невработените жени | Зголемено учество на жените во реализирани обуки, преквалификации и доквалификации |
| Развивање на кампањи за зголемување на свеста за женското претприемништво | Зголемена стапка на жени претпиемачи<br>Зголемениo ниво на информираност за претприемништвото и условите за жените |

**Одговорни институции и носители**

Влада на Република Македонија, Агенција за странски инвестиции, Министерство за еконономија, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II

### Подобрување, унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Изработка на анализа за статусот на жената во националната економија (пазар на труд, пазар на капитал, посебни инвестициони политики, учество на жените во БДП) по полова и етничка припадност | Изготвени анализи и утврдени проблеми и недостатоци |
| Спроведување на Анализа на секторските политики во однос на положбата на жената | Изготвени анализи и утврдени проблеми и недостатоци |
| Преземање мерки за поттикнување на учеството на жените во националната економија | Зголемување на учеството на жените во менаџерските тимови на јавните претпријатија |

**Одговорни институции и носители**

Влада на Република Македонија, Агенција за странски инвестиции, Министерство за еконономија, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III

### Поддршка на процесот на премин од неформална во формална економија во секторот на услуги (грижа за деца, грижа за стари лица, хигиена итн. )

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Создавање на правна рамка за минимални даночни и други оптоварувања за поединци | Изготвена и усвоена правна и фискална рамка |
| Обезбедување на финансиска поддршка со неповратни средства за самовработување на жените | Број на одобрени неповратни средства за самовработување на жените<br>Зголемена вработеност и балансирана родова застапеност на пазарот на трудот |

**Одговорни институции и носители**

Влада на Република Македонија, Министерство за еконономија, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Министерство за финансии, центри за социјална работа, Собрание на Република Македонија, граѓански сектор

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ IV**

**Золемена стапката на врабтеност на жената во руралните средини**

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Отстранување на нееднаквоста и промоција на еднаквите можности за мажите и жените, особено со поддршка на проекти иницирани од страна на жените | Број на проекти инцирани и реализирани од жените во руралните средини<br>Донесени и усвоени законски и подзаконски акти за стимулирање на даночната политика . |
| Регулирање на работно-правниот статус и статус на земјоделец на жената во земјоделието | Број на регистрирани жени со регулиран работно-правен статус преку регистрирање на дејност во руралната средина |
| Стимулирање на жената како носител на деловни активности во руралните средини (програми и проекти, закуп на земјоделско земјиште) | Зголемен број на поднесени барања, програми и иницијативи за закуп од жените |
| Дообразование, стручо оспособување, преквалификација на жените од руралните средини. | Зголемено ниво на учество на жените во реализирани обуки за прквалификации, дообразование<br>Зголемена информираност и знаење и вештини кај жените од руралните средини |
| Едукација за аплицирање, подготовка на проекти и имплементација на проекти за користење на програми и проекти | Зголемено ниво на вештини и информираност и обученост за подготвка и апликација на проекти<br>Број на поднесени апликации и доделени проекти |

**Одговорни институции и носители:**

Министерство за земјоделие, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија , ЗЕЛС, единиците на локалната самоуправа, Министерство за локална самоуправа, граѓански сектор

**ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВОТО**

Во практиката се сретнуваат сите видови на семејното насилство врз жените: сексуално, физичко, психичко и економско. Најдоминанатен облик на насилство е психичкото насилство со стапка на пријавување 61,5%, втор по застапеност и пријавување е физичкото насилство со 23,9% и трет по застапеност и пријавување е сексуалното насилство со 5,0% (Извор: граѓански сектор).

Правни мерки за спречување на насилството: во Кривичниот законик постои инкриминација за семејното насилство. Силувањето во брак е казниво и тоа се гони по службена должност. Покрај овие инкриминации, постојат и други кои го санкционираат насилството врз основа на полот. Во Законот за семејството се предвидени низа мерки на заштита на жртвите на семејното насилство, односно привремените мерки за заштита кои ги изрекува судот. За нивно неспроведување од страна на службено лице или лице задолжено од страна на судот, е предвидена кривична одговорност.

И покрај најновите законски одредби предвидени со Законот за семејство (2004 година) каде што постои обврска за Министерството за труд и социјална политика да обезбеди здравствена заштита на жртвите на семејното насилство, таа не се обезбедува. Постојат инцијативи за решавање на ова прашање на меѓуресорско ниво меѓу ова министерство и Министерството за здравство. Дел од оваа инцијатива се однесува на обезбедување непречена здрватвствена заштита за жртвите на семејното насилство, и покрај непоседувањето здравствено осигурување, како и олеснување во однос на обезбедувањето на потребната медицинска документација (лекарско уверение), потребна за иницирање на правните постапки за заштита на жртвата.

Со оглед на тоа што не постојат постапки и протоколи за постапување на сите релевантни институции, не постои и обврска за обука на медицинскиот персонал и начинот на негово постапување по овој проблем. Медицинскиот персонал во текот на школувањето добива сознанија за да ги препознае и да ги открие симптомите на насилство, но не и за спецификите на насилството врз жената.

Државата не обезбедува задолжителна обука за работниците од МВР која ќе овозможи откривање и соодветно реагирање во случаи на семејното насилство. Меѓутоа, во соработка со меѓународните организации и невладини организации, се организираат семинари за информирање и препознавање на оваа појава.

За жртвите на семејното насилство, Министерството за труд и социјална политика отвори шест засолништа во државата. Во рамките на активностите на граѓанскиот сектор отворени се едно прифатилиште и две засолништа за привремено згрижување на жртвите од 24 до 48 часа. Министерството за труд и социјална политика поддржа една Национална СОС линија за жртвите на семејното насилство, додека во граѓанскиот сектор функционираат три СОС линии за жени жртви на насилство и една СОС линија за млади жртви на насилство.

Во државата не постои програма за жените кои треба да се справуваат со здравствените последици од насилство, а исто така, не постојат посебен вид програми за заштита на жените - жртви на семејното насилство од рурални средини.

Трговијата со луѓе претставува најсурово кршење на човековите права и слободи.Таа претставува глобален феномен што силно ги погодува државите кои се наоѓаат во политичка и економска транзиција или постконфликтни ситуации.

Во последниве неколку години во Република Македонија драстично е зголемена стапката на организираност на трговијата со луѓе, а особено трговијата со жени. Намалувањето на животниот стандард и се поголемиот степен на сиромаштијата, безперспективноста на младите луѓе и понудите за работа во странство, придонесуваат за се поголем ризик за тргување со млади девојки и жени. Македонија во почетокот беше транзитна земја, па

земја на крајна дестинација и денес за жал постои можност да стане земја на потекло, а веќе има индикации за појава на внатрешна трговија.

Младата популација, а особено младите девојки и жени, се најзагрозени и најпогодени од ова општествено зло, од чии редови се регрутираат потенцијалните жртви на трговијата со луѓе. Насилството, сиромаштијата, кршењето на економските и социјалните права на жените, се едни од главните причини за зголемување на ризикот да станат жртви на трговија со луѓе. Токму оваа состојба алармира на потребата за ургентно превентивно делување и запознавање со проблемот на трговија со луѓе, зголемување на свесноста за ризикот, едукација и изградба на сопствен систем на заштита.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

### Обезбедување на релевантни статистички податоци за присуството на насилството врз жената вклучувајќи го и семејното насилство

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Изготување анализа на постоечкиот систем за собирање податоци за присуството на насилството врз жената, вклучувајќи го и семејното насилство | Направена анализа<br>Утврден број на параметри поврзани со насилството над жените |
| Дефинирање и воедначување на методологиите за собирање податоци за присуството на насилството врз жената, вклучувајќи го и семејното насилство | Воведена унифицирана методологија и интерсекторски систем на собирање на податоци за насилството врз жените |
| Едукација и обука за примена на методологиите за прибирање на податоци за присуството на насилството врз жената, вклучувајќи го и семејното насилство | Примена на унифицирана методологија за прибирање и обработка на податоците за присуството на насилството врз жената вклучувајќи го и семејното насилство |

**Одговорни институции и носители**

Државен завод за статистика, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за здравство, судови и обвинителства, Министерство за внатрешни работи, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II

### Подобрување на информираноста, јакнење на јавната свест и едукација за проблемот на сите видови насилство

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Спроведување на континуирани кампањи на информираноста, јакнење на јавната свест и едукација за проблемот на сите видови | Број на спроведени кампањи на национално и локално ниво прилагодени на целните групи<br>Зголемено ниво на информираност и |

| | |
|---|---|
| насилството | свесност за проблемот на сите видови насилство |
| Едукации/обука на полицијата, социјалните работници и медицинскиот персонал во однос на третманот на домашното насилство и сите видови на насилство | Број на спроведени едукации наменети за професионалните структури<br>Зголемено ниво на информираност и свесност за проблемот на сите видови насилство и посебно на домашното насилство, на полицијата, социјалните работници и медицинскиот персонал |
| Вклучување на медиумите во подобрување на информираноста на јавноста. | Број и вид на медиумски презентации за насилствата врз жената<br>Зголемено ниво на информираност, сензибилизираност и свесност кај граѓаните за проблемите со сите видови насилство |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, ресорни министерства , единици на локална самоуправа**,** Совет за радиодифузија, граѓански сектор

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III

### Унапредување и ефикасно спроведување на законската регулатива институционалната заштита и координација и соработка во борбата против насилството

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Изготвување на анализа за спроведување на казнените одредби кои се однесуваат на семејното насилство | Изготвена анализа и утврдени, сосојби, неодстаоци и проблеми |
| Измена и дополнување на Законот за семејството во делот на предвидените мерки кои се однесуваат на работа со вршителите на насилство и унапредување на системот на заштита на жртвите на насилство | Дефинирани програми за работа со вршителите на насилство<br>Зголемен број на случаи на заштита на жртви на насилство |
| Изготвување и спроведување на програми/стратегии за броба против насилството | Спроведени програми/стратегии за координиран институционален пристап<br>Зајакнати капацитати и комептенто спроведување на координираниот национален пристап |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за здравство, судови и обвинителства, Министерство за внатрешни работи, Влада на РМ, Собрание на РМ, Државен завод за статистика, граѓански сектор

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ IV**

**Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца**

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Изработка на стандардни оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе/ жени и деца | Утврдени стандари и оперативни процедури и нивна примена |
| Спроведување на кампања за поодигнување на свеста и информираноста за превенција и заштита од трговија со луѓе/жени и деца | Спроведена кампања<br>Зголемено ниво на свесност, сензибилизираност и информираност за превенција и заштита од трговија со луѓе/жени и деца во насока на превенција, односно препознавање на проблемот на трговија со луѓе/жени и деца |
| Формирање на единствена база на податоци за жртви на трговија со луѓе/жени и деца во Република Македонија | Формирана единствена база на податоци |
| Спроведување на обуки, средби, студиски посети на стручните лица вклучени во превенцијата и заштита од трговија со луѓе | Зајакнати на капацитетите на стручните лица вклучени во превенцијата и заштита од трговија со луѓе |
| Ратификација на Европската конвенција за борба против трговија со луѓе | Ратификувана конвенција |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за надворешни работи Министерство за финансии, Министерство за здравство, судови и обвинителства, Министерство за внатрешни работи, Влада на Рм, Собрание на РМ, Државен завод за статистика, граѓански сектор, медиуми

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ V

**Сузбивање на семејното насилство**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Спроведување на научни истражувања за феноменологија на семејното насилство | Спроведени истражувања и утврдени состојби и проблеми |
| Спроведување на континуирани кампањи за подигнување на свеста за проблемот | Зголемено ниво на свесност, информираност и сензибилизираност на јавноста за проблемот на семејното насилство |
| Спроведување на континуирани едукативни активности со полицијата, социјалните работници и медицинскиот персонал во однос на третманот на семејното насилство | Подобрена координираност во постапувањето со жртвите на семејното насилство<br>Подобрен третман на жртвите на семејното насилство |
| Следење на имплементација на законските одредби за семејното насилство заради нивно понатамошно унапредување | Зголемен број на интервенции и на успешно решени случаи од надлежните власти |
| Воведување на унифициран систем за прибирање и анализа на податоци за случаи на семејното насилство | Воспоставена база на податоци и мрежа на институции кои ја користат, одржуваат и хранат |
| Изготвување и спроведување на програми/ стратегии за борба против семејното насилство | Зголемени капацитети за справување со семејното насилство кај надлежните органи<br>Зголемено ниво на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејното насилство кај широката јавност<br>Зголем број на пријави и адресирани случаи на семејното насилство |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за надворешни работи Министерство за финансии, Министерство за здравство, Државен завод за статистика, судови и обвинителства, Министерство за внатрешни работи, граѓански сектор, медиуми

## ЖЕНИТЕ И МЕДИУМИТЕ

Медиумите како креатори на јавното мислење, не само што ги рефлектираат општествените состојби, процеси, проблеми и противречности, туку, се почесто се јавуваат и во улогата на нивни креатори.

Во медумите, во Македонија, речиси целосно отсуствува родовата димензија во информирањето, а доминира стереотипното претставување на жените и на мажите. Неретко, третманот на жените во медиумите, добива навредлив, сексистички и дискриминирачки карактер. На ваков начин, медиумите дополнително ги зацврстуваат стереотипите за жената и нејзината улога во семејтвото и во општеството.
Овој начин на информирање е во спротивност со постојната законска регулатива во радиодифузната дејност, и со Кодексот на новинарите. Според Законот за радиодифузна дејност, радио и телевизиските програми мора да се темелат врз принципот на „еднаквост на слободите и правата, независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло...", а радиодифузерите не смеат да емитуваат програми кои поттикнуваат национална, расна, полова или верска нетрпеливот и омраза.
Едновремено, овој закон го санкционира и емитувањето на програми кои содржат порнографија и прекумерно насилство. Во насока на целосна операционализација, Советот за радиодифузија, во почетокот на 2007 година, донесе и Правилник за спроведување на одредбите од Законот, кои се однесуваат на порнографијата и насилството.
Според Кодексот на Здружението на новинарите на Македонија, новинарите се обврзуваат дека нема да информираат на начин кој може да поттикне дискриминација врз основа на полот, сексуалната определба, расата, етничката и социјалната припадност и др.
Карактеристично за македонската медиумска сцена е и тоа што печатените медиуми и начиниот на кој тие информираат не е законски регулирано и е неизвесно дали и кога ќе се донесе закон кој ќе ја регулира оваа област.
Кога станува збор за информирањето, забележливо е и отсуството на родово специфични теми освен во време на избори, одбележување на Меѓународниот ден на жената и поголеми активности и кампањи за определени родови проблеми, организирани од страна на граѓанскиот сектор. Во изминатите неколку години објавени се брошури и прирачници (најчесто преведени изданија) за адекватно медиумско презентирање на жените во медиумите. Притоа, треба да се напомене дека се уште не е подготвен и објавен професионален водич за родово сензибилизирано новинарство кое ќе одговори на спецификите на македонскиот контекст.
Во Македонија се уште не е е воспоставена практиката на постојано собирање и објавување на детални родови статистички податоци за вработените во медиумите, од аспект на бројот, возраста, образованието, видот на работното место, видот на вработувањето, степенот на одговорноста, степенот на одлучувањето и др.
Оттаму, во наредниот период како особен предизвик се наметнува и континуираното следење на трендовите, не само во уредувачката, туку и во кадровската политика на медиумите.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

### Зголемување на јавниот притисок и одговорноста на медиумите за промоција на родовата перспектива и поттикнување на нестереотипното претставување на родовите во медиумите

| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** |
|---|---|
| Формирање на група за мониторинг на медиумите (електронски и печатени), во рамки на Секторот за еднакви можности, која ќе подготовува квартални извештаи и препораки и ќе | Спроведување и објавување на извештаите и препораките во предвидените рокови од страна на мониторинг групата |

| | |
|---|---|
| ги презентира во јавноста | |
| Спроведување на (три) научни истражувања со фокус групи од граѓани, новинари и експерти за нивните ставови за присутноста на родовите аспекти во медиумските содржини, објавување на резултатите и јавна расправа - 2008, 2010, 2012 | Спроведени истражувања со фокус групите во предвидените периоди<br>Ниво на вклученост на медиумите, експертската јавност, надлежните институции, невладините организации и на граѓаните во јавната расправа за резултатите од истражувањата со фокус групите<br>Воведени промени во уредувачката политика на медиумите во насока на примена на препораките од мониторинг групата и од истражувањата со фокус групите |
| Објавување на прирачник за родово сензибилизирано новинарство | Степен на прифатеност на прирачникот од страна на медиумите<br>Степен на придржување на новинарите кон прирачникот |
| Воспоставување на практика за собирање детални родови статистики и податоци за вработените во медиумите | Годишно публикување на статистички извештаи за вработените во медиумите, во кои податоците за бројот, образованието, видот на работен однос,видот на работни обврски, степенот на одговорност и на одлучување, ќе бидат обработени од родов аспект |
| Следење на почитувањето на постојните законски одредби од аспект на третманот на родовите прашања | Број на јавни реакции на мониторинг групата при непочитување на постојните законски одредби од аспект на третманот на родовите прашања и покренување на иницијативи |

**Одговорни институции и носители**

Сектор за еднакви можности, Министерство за труд и социјална политика, истражувачки центри, медиумски организации, Државен завод за статистика, Совет за радиодифузија, Министерство за транспорт и врски, Собрание на РМ, граѓански сектор,

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ II

**Подобрување на генералната политика на јавниот дифузен сервис (МРТВ) во вклучувањето на родовиот аспект во различни тематски подрачја**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Продукција на специјализирани емисии, радио и телевизиски дебати за родови теми на програмите на МРТВ | Подготвени и емитувани најмалку 5 емисии и ТВ дебати |
| Спроведување на активности за родово сензибилизирање на кадарот во јавниот дифузен сервис | Број на спроведени активности за кадарот во јавниот дифузен сервис<br>Вклученост на родовиот аспект во различни тематски подрачја на програмите на МРТВ |

**Одговорни институции и носители**

МРТВ, Сектор за еднакви можности, Министерство за труд и социјална политика, граѓански сектор, Совет за радиодифузија

## ЖЕНИТЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Зачувувањето и заштитата на животната средина претставува услов за опстанок на човештвото. Поаѓајќи од овие определби, Уставот на Република Македонија го гарантира правото на здрава животна средина, а секој граѓанин е должен да ја штити и унапредува истата. Државата, е обврзана да создава услови за реализација на правото на здрава животна средина.

Законот за животна средина (популарно наречен “Еко Устав”) ги операционализира уставните одредби. На овој закон му претходеше донесувањето на Националниот еколошки акционен план (НЕАП) чија основна и приоритетна задача е да се изгради систем на управување со животната средина и со адекватен институционален капацитет и со соодветна нормативна рамка. Министерството за животна средина и просторно планирање значи институционална потврда на важноста на заштитата на животната средина.

Улогата на жената во активностите за заштитата на животната средина, како нераскинлив дел од општествената заедница е од непроценливо значење. Република Македонија донесе Стратегија за подигнување на јавната свест во управувањето со животната средина, во која, за жал, родовиот концепт не е инкорпориран. Од тие причини во наредниот период ќе биде посветено особено внимание за вклучување на жените во имплементацијата на Стратегијата за подигнување на јавната свест во управувањето со животната средина и спроведување на еколошки програми за едукација на урбаните и руралните жени за превентивно и практично делување во заштитата и унапредувањето на животната средина. Во овие политики и определби на Владата, станува збор за вкрстување и преклопување на тематски области, што треба да даде позитивни резултати и влијанија. Во овој контекст треба да се споемен улогата на жената и грижата за здравјето и животната средина, нејзината улога во урбаната и во руралната средина, ангажманите во врска со економската интеграција како еколошки и социјално оправдана, и дефинитивно, улогата на жената во градењето на одржливиот развој на заедниците.

Во доменот на заштитата на потрошувачите, забележлив е интересот на жената-родител за тоа каква храна се купува и со што се храни семејството, пред се децата. Жената-родител во градската средина има изградени социјални односи, во кои улогите се менуваат и се прилагодуваат на личната, семејната или општествена ангажираност.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ I**

**Вклучување на жените во имплементацијата на Стратегијата за подигнување на јавната свест во управувањето со животната средина.**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Подготовка и спроведување на еколошки програми за едукација на урбаните и руралните жени за превентивно и практично делување во заштитата и унапредувањето на животната средина (штедењето вода и енергија, редуцирањето и селектирањето на отпадот) | Зголемен капацитет и соработка на локалните самуправи и невладиниот сектор за спроведување на активностите за заштита на животната средина<br>Зголемено ниво на свесност за заштитата на животната средина и зголемени активности на жената во овој домен |
| Спроведување на јавни кампањи за промовирање и поттикнување на здрав животен стил (користење на здрава храна, користење и употреба на материјали што се рециклирааат, спорт, рекреација, еколошки превозни средства и др.) | Спроведена кампања<br>Зголемено ниво на свесност за заштитата на животната средина и зголемени активнсоти на жената во овој домен |
| Јакнење на соработката на локално и национално ниво со еколошките невладини организации | Зголемен број предлог проекти и активности |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за животна средина и просторно планирање, единици на локална самоуправа, граѓански сектор, ЗЕЛС, медиуми

**ЖЕНИТЕ И МИРОВНИТЕ АКТИВНОСТИ**

Искуството покажува дека жените и женските групи од Република Македонија во конфликтниот период што ја зафати државата и регионот, во тешки услови се поврзуваа и формираа мрежи, активно работеа и делуваа, како за време на конфликтите, така и во постконфликтниот период. Жените од овие простори покренаа силно антивоено движење и дадоа голем придонес во градењето на мирот, подобрувањето на меѓуетничките односи и ублажувањето на последиците од конфликтот. Тие дадоа придонес за ублажување на последиците од војната врз цивилите, со посебен акцент на бегалците и внатрешно раселените лица, од кои повеќето беа жени и деца.

Но, за жал честопати нивната улога е маргинализирана или запоставена. Во голем број активности за разрешување на конфликтите тие не учествуваат. Наспроти нивните витални искуства, експертизи, знаења и вештини, постојано остануваат со малцинско

учество во мировните проекти, анализи и стратегии за градењето на мирот. Тие, исто така, во многу мал број се застапени во службите и раководните позиции во Министерствата за одбрана, Министерствата за внатрешни работи и мировните мисии.

Советот за Безбедност на ОН на 31.10.2000 година ја усвои Резолуцијата 1325 – Жени, мир и сигурност, со која се определуваат мерките кои мораат да ги преземат државите членки и ОН за време на конфликтите и во процесот на градењето на мирот. Заложбите на Резолуцијата се: Воспоставување на родовата перспектива во човековите права како приоритети во сите заложби кон :

- Учеството на жените во донесување на одлуки во мировните процеси,
- Перспективата на родовата рамноправност во промоцијата и одржувањето на мирот,
- Заштита на жените за време на конфликти и во постконфликтните периоди,
- Вклучување на родовата рамноправност во главните текови на системот за известување на ОН и механизмите за програмско спроведување.

Имајки го предвид значењето и улогата на овој меѓународен акт, Националниот план за акција за родова рамноправност, предвидува стратешка цел која ќе овозможи интегрирање на родовата перспектива во мировната и безбедносната политика на земјата, преку имплементирање на одредени адекватни заложби на Резолуцијата 1325.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ I

### Интегрирање на родовата перспектива во мировната и безбедносната политика на Република Македонија

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| Организирање на кампањи и образовно – промотивни активности за јавна промоција и запознавање со Резолуцијата 1325 - Жени мир и сигурност на СБ ОН и родовата перспектива (организирање на обуки, семинари, работилници за запознавање со Резолуцијата 1325, родовата димензија на конфликтите, родовите прашања, човековите права на жените и нивната заштита за време на конфликти и улогата на жените во изградбата на мирот) | Број на изработени материјали и организирани кампањи и образовно промотивни активности во врска со Резолуцијата 1325 ОН<br>Зголемено ниво на информираност и свесност за мировните активности, улогата на жените, родовата рамноправност и почитувањето на правата на жените<br>Повисоко ниво на зајакнатост на жените и нивно зголемено учество во мировните активностите |
| Изработка на едукативни програми за промоција на културата на мирот, ненасилството и меѓуетничкиот дијалог | Спроведени обуки и промотивни активности<br>Зголемено ниво на информираност и свесност за мировните активности |
| Формирање тимови за обуки за промоција на Резолуцијата 1325, родовата перспектива, правата на жените, ненасилната комуникација (со претставници од владините | Зголемено ниво на свесност, информираност и зајакнатост за инволвирање на жените во мировните активности |

| | |
|---|---|
| институции и граѓанскиот сектор) | Зголемен капацитет за обучување<br><br>Зголемен капацитет за учество на жените во мировните мисии |
| Изработка на програми за обука на припадниците на безбедносните служби, мировните мисии,  од перспектива на родовата рамноправност и правата на жените. | Спроведени обуки за родова рамноправност и правата на жените<br><br>Зголемено ниво на свесност, информираност и зајакнатост за инволвирање на жените во мировни активности |
| Анализа на потребата од усогласување на релевантнната домашна законска регулатива со одредбите на Резолуцијата 1325  на ОН | Изработена анализа |

**Одговорни институции и носители**

Министерство за одбрана, Министерството за надворешни работи - одделение за човекови права, Министерство за внатрешни работи, МТСП, Министерство за здравство, Министерство за образование, Министерство за Правда, Собрание на РМ.  Секретаријат за евроинтеграции, Државен завод за статистика. Воена академија, Полициска  академија, Републички судски совет,  Академија за обука на судии, Јавно обвинителство на РМ, граѓански сектор

**СЛЕДНИ ЧЕКОРИ – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

Националниот план за акција за родова рамноправност е документ кој треба да биде усвоен од Владата на Република и за  кој треба да биде информирано Собранието на Република Македонија, до крајот на вториот квартал од 2007 година.  Искуството стекнато во имплементирањето на претходните политики и мерки за обезбедување на еднаквите можности покажало дека посветеноста, соработката, партнерството и примената на **начелото на партиципативност** на сите актери од економскиот, социјалниот и политичкиот живот, е од исклучително значење во заложбите за постигнување на родовата рамноправност.

По неговото донесување/усвојување, треба да се пристапи кон:

- Промоција на документот и обврските што произлегуваат од него пред институциите и пред јавноста
- Утврдување на обврските за секој чинител и засегната страна со обезбедување на рационално и комлементарно користење на ресурсите,
- Дисеминирање на истиот  и запознавање со обврските
- Изработка на социо-економска анализа и проценка на влијанието на мерките и активностите кои ќе се спроведат со овој Национален план за акција, а како основа за изработка на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите (согласно со Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите); Двата акциски плана се преклопуваат во своите намери и приоритети, и оттаму неопходно е да се обезбеди комплементарност на активностите и напорите;

- Изработка на првиот Оперативен план 2007/2008 во партиципативен процес со учество на владините инситуции, синдикатот, граѓанскиот сектор, работодавачите и во тесна соработка и координација со меѓународната заедница ; Оперативниот план треба да содржи мерки за кои се очекува да дадат резултати на краток и на среден рок, со реална динамика, точно утврдени обврски и механизми за точно утврдени извршители, очекувани резултати, буџет, и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех
- Усогласување на Оперативниот план со процесот на стратешко планирање и проектирање на Буџетот на РМ за следната година – со цел за постигнување на оптимален и реален успех.
- Воспоставување на практика (и механизам) на координирање на активностите и редовна комуникација

**Механизми за следење и имплементација**

Дефинирањето и мерењето на резултатите во однос на родовата рамноправност во суштина претставува мерење на успешноста на тој процес на трансформација.

Одговорноста и отчетноста се централни принципи во ефективното владење. Од тие причини Министерството за труд и социјална политика и Секторот за еднакви можности при истото, се одговорни за:

- следење и координирање на процесот на имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност и изготвување на годишни извештаи;
- поддршка на ресорните министерства и другите владини тела на национално и на локално ниво во имплементацијата на НПАРР
- изготвување на годишни планови за реализација на целите зацртани во НПАРР со запазување на начелото на транспарентност и партиципативност
- иницирање и формирање на меѓуминистерски и меѓусекторски групи за следење на имплементацијата на НПАРР, како и иницирање и формирање на едно трилатерално тело за соработка и следење на НПАРР со претставници од државните институции, граѓанскиот сектор и меѓународните организации
- развивање и подобрување на индикаторите за промена, онаму каде што е потребно
- известување до Парламентот за остварените цели, потешкотиите и научените лекции во имплементацијата на НПАРР.
- Редовно известување на Комитетот за елиминација на сите видови дискриминација на жената при ОН - по CEDAW и препораките од Комитетот;
- спроведување на среднорочна оценка за имплементацијата на НАП до 2010.
- Усогласување на механизмите и известувањето по CEDAW и препораките од Комитетот со обврските кон ЕУ, како и со другите меѓународни инструменти.
- Изработка на Стратегија за родова рамноправност и еднакви можности за мажите и жените

**ЗАКЛУЧОК**

Националниот план за акција за родова рамноправност на Република Македонија е ***клучен национален документ,*** кој ги обединува сите чинители во општеството во зацврснување на ***демократските процеси, владеењето на правото, почитување на правата на жената, и во обезбедување на родова рамноправност***. Тој е насочен кон обезбедување поддршка и насока за Република Македонија и сите засегнати страни во процесот на обезбедување родова рамноправност и фокусиран напредок во демократксите процеси на **вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики** и постигнување подобар квалитет на живот, притоа обезбедувајќи ***меѓуресорска соработка, координација, кохеретност и комплементарност.***

Дефинирањето и мерењето на резултатите во однос на Националниот план за акција за родова рамноправност на Република Македонија и на нивото на постигната родовата рамноправност ќе се прави согласно со спроведувањето во реалност и редовна практика на утврдените стратешки цели, соработката и координацијата, и над се, политичката волја за постигнување на тие високи, а сепак достижни цели. ***Преточувањето на овој план во реални политики и практики ќе претставува лакмус за мерењето на успешноста на тој процес на трансформација.***

**АНЕКСИ:**

- **А1. Преглед на правната рамка**
- **А2. Препораки од CEDAW**
- **А3. Работна група**
- **А4. Домашни и меѓународни страни консултирани во процесот**
- **А.6. Библиографија и друга користена литература**

## А1. Преглед на правната рамка

<u>**Домашна правна рамка**</u>

***Устав на Република Македонија***,

***Закон за работните односи*** (Службен весник на РМ, бр.60/2005)

***Кривичен законик*** („Службен весник на РМ„ бр. 28/91, 24/92, 49/93, 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003 и 19/2004),

**Закон за радиодифузија**

***Закон за извршување на санкции*** („Службен весник на РМ„ бр. 3/97, 23/99)

***Закон за средно образование*** („Службен весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 67/2004)

***Закон за високо образование*** („Службен весник на РМ„ бр. 64/2000 и 49/2003)

***Закон за здруженијата на граѓани и фондации*** („Службен весник на РМ„ бр. 31/98)

***Закон за политички партии*** („Службен весник на РМ„ бр. 76/2004)

***Закон за внатрешни работи*** („Службен весник на РМ„ бр. 19/95, 55/97, 38/2002, 33/2003 и 19/2004),

***Закон за судовите*** („Службен весник на РМ„ бр. 36/95, 45/95 и 64/2003),

***Закон за избор на пратеници*** („Службен весник на РМ„ бр. 42/2002 и 46/2004)

***Закон за локални избори*** („Службен весник на РМ„ бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004)

**Изборен законик** (Службен весник на РМ, бр)

***Закон за наследување и Закон за семејството***

***Закон за културата*** („Службен весник на РМ„ бр.66/2003-Пречистен текст)

***Закон за еднакви можности на жените и мажите*** (Сл.Весник на РМ бр.66/06)

***Закон за основно образование*** (Сл. Весник на РМ бр. 51/07)

***Закон за стручно образование и обука*** (Сл. Весник на РМ бр. 71/06)

<u>**Меѓународни обврски**</u>

Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација на жените (CEDAW)

Факултативниот протокол

Универзална декларација за човековите права на Обединетите нации

Конвенција за елиминација на сите форми на насилство врз жените на Обединетите нации

Конвенција за правата на децата;

Декларацијата за правото на развој;

Пекиншката декларација и Платформа за акција како и договорените заклучоци од Специјалната сесија на Генералното собрание на ОН во 2000 (Пекинг+5);

Резолуција 1325 - Жени мир и сигурност на Советот за безбедност на ОН

Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи на Совет на Европа (ECHR-1950).

**Спогодба за стабилизација и асоцијација**

Со потпишувањето на ССА, особено Глава VI Република Македонија треба да изврши целосно усогласување со *acquis communautaire* во областа на правата на жената:

Директива 97/80/ЕЦ за товарот на докажување во случаите на дискриминација врз основа на полот;

Директива 75/117/ЕЕЦ за усогласување на законодавството на земјите членки кое се однесува на начелото на еднаква плата за жените и мажите

Директива 2002/73/ЕЦ, која претставува измена и дополнување на Директива 76/207/ЕЕЦ, а која содржи нова дефеницијa на индиректната дискриминација, вознемирување како форма на дискриминација.

Директива 86/378/ЕЕЦ за имплементација на принципот на еднаков третман на жените и мажите во префесионалните дополнителни планови за социјално осигурување, изменета и дополнета со Директивата 96/97/ЕЦ од декември 1996.

Директива 79/7/ЕЕЦ, за еднаков третман на мажите и жените во областа на задолжителното социјално осигурување

Директива 86/613/ЕЕЦ, за еднаков третман на мажите и жените кои се самовработени, како и на нивните сопружници.

Директива 92/85/ЕЕЦ, за сигурност и заштита на бремена работничка и работничка која се породила или дои.

Директива 96/34/ЕЦ, за родителското отсуство

Препорака 96/694/ЕЦ за балансирано учество на мажите и жените во процесот на одлучување;

Препорака 84/635/ЕЕЦ за промоција на спроведувањето на мерките за позитивни акции за жените;

Препорака 92/131/ЕЕЦ за заштита на достоинството на мажите и жените на работа;

Препорака 87/567/ЕЕЦ за стручно усовршување на жените;

Резолуција (95/Ц 296/06) од 05.10.1995 за појавувањето и прикажувањето на мажите и жените во рекламите и медиумите;

Резолуција (85/Ц 166/1) од 03.06.1985 која содржи Акционa програма за спроведување на начелото на еднакви можности за жените и мажите во образованието.

Мапата за еднаквост меѓу жените и мажите (Roadmap)

**Советот на Европа**

Декларација од 19.12.1991 за имплементација на препораката на Комисијата за заштита на дигнитетот на жените и мажите на работа, вклучувајки ги и правилата за постапување за спречување на половото вознемирување.

Препорака Бр. П (85)2 за законска заштита против сексуална дискриминација;

Препорака Бр. П (96)5 за усогласување на работата и семејниот живот;

Препорака Бр. П (98)12 за вметнување на рамноправноста помеѓу половите во главните општествени текови;

Препорака 1229 (1994) за еднаквоста на правата помеѓу мажите и жените;

Препорака 1269 (1995) за достигнување реален напредок за женските права од 1995;

Препорака 1413 (1999) за еднаква застапеност во политичкиот живот,

Препорака (2002) 5 на Комитетот на министри за заштита на жените од насилство усвоена 2002 година и Објаснувачки меморандум

Препорака (2003) од Комитетот на министри за еднакво учество на жените и мажите во политичкото и јавното донесување одлуки и Објаснувачки меморандум, усвоена 2003 година.

### А2. Препораки од Комитетот на ОН за CEDAW

Во текот на 2005 година Република Македонија изготви и поднесе до Комитетот на Обединетите нации за дискриминација на жените Извештај за напредокот во остварувањето на одредбите од CEDAW.

Во своите заклучни коментари Комитетот на ОН зазеде позитивен став за законските и институционалните промени кои се случиле во Република Македонија. Истовремено, беа истакнати и главните подрачја за кои Комитетот изразува загриженост и бара од државата да одговори на својот следен четврт и петти периодичен извештај. Комитетот во своите препораки посебно ги истакнува насоките и приоритетите во одредени критични подрачја. Некои од нив се :

- Инкорпорирање на дефиницијата за дискриминација и практична примена на ефективни антидискриминаторски закони во пракса.
- Засилување на обуката на судии и адвокати во однос на Конвенцијата и во истражните постапки обезбедени во Факултативниот протокол на Конвенцијата и подигање на свесноста на жените за барање на нивните права врз основа на постоечките инструменти.
- Во доменот на Законот за еднакви можности, да се истакне родово базираната дискриминација во политичката, економската, социалната културната и други области во согласност со Конвенцијата.
- Кадровско и финансиско зајакнување на националната машинерија за унапредување на положбата на жените и забрзување на процесот на основање и ефективно работење на локалните комитети за родова рамноправност.
- Имплементирање на привремени специјални мерки од страна на државата со цел да се забрза процесот на достигнување на фактичката рамноправност помеѓу мажите и жените, особено во областа на донесување на одлуки и пристап до економските можности.
- Отстранување на присуството на патријахалните односи и длабоко вкоренетите стереотипи во однос на улогите и одговорностите на мажите и жените

- Загриженост за високото присуство на насилство врз жените. Донесување на целисходни мерки за истакнување на сите облици на насилство. Мерки за подигање на свесноста, ефективна примена на легислативата, обезбедување на соодветна персекуција и казнување за сторителите и соодветна помош и заштита на жртвите.
- Ефективна имплементација на Националната програма за борба против трговија со луѓе. Ефикасна превенција на трговијата со луѓе, обезбедување на адекватна поддршка и помош на жртвите, персекуција и казнување на прекршителите.
- Потикнување за имплементација на ефективни мерки за елиминација на дискриминацијата над руралните жени, како и жените од етничките малцинства, пред се Ромките и Албанките.
- Целосно интегрирање на родово сензитивниот аспект во процесот на доделување на азил и бегалски статус.
- Имплементирање на програми и политики кои обезбедуваат ефективен пристап до контрацептивни средства и здравствено информатички сервиси
- Имплементирање на програми за сексуално и репродуктивно образование на жени, мажи и адолесценти.
- Зголемување на бројот на жени во формалниот Пазар на трудот и имплементација на мерки кои ке го потикнат и поддржат женското претприемништво
- Комитетот препорачува целосна и ефективна имплементација на CEDAW Конвенцијата заради остварување на Милениумските развојни цели.

### А3. Работна група

За подготовката на новиот предлог текст на Националниот план за акција беше формирана работна група од претставници на ресорните министерства при Владата на Република Македонија и претставници на граѓанските организации кои работат на полето на еднаквите можности на жените и мажите. Членови на работната група:

- Стојан Трајанов-Министерство за труд и социјална политика
- Мабера Камбери- Министерство за труд и социјална политика
- Елена Грозданова- Министерство за труд и социјална политика
- Јована Тренчевска- Министерство за труд и социјална политика
- Тања Кикерекова-Министерство за правда
- Проф. Д-р Катица Зафировска-Министерство за здравство
- Незиктере Сулејмани-Министерство за образование и наука
- Веселинка Иванова- Министерство за образование и наука

- Младица Котевска-Завод за социјални дејности
- Неда Малеска Сачмароска-Граѓански сектор
- Савка Тодоровска- Граѓански сектор
- Билјана Бејкова- Граѓански сектор
- Ѓунер Небиу- Граѓански сектор
- Снежана Теодосиевска Јорданоска-Народен правобранител
- Мира Тодорова-Државен завод за статистика
- Оливера Цветаноска-Министерство за економија
- Ленче Ќурчиева-Министерство за животна средина и просторно планирање
- Соњица Ѓеорѓиевска-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Даниела Димитриевска-Граѓански сектор
- Емилија Петревска-Совет за радиодифузија
- Сонѓул Шабан-Граѓански сектор
- Гордана Тренкоска-Граѓански сектор

## А4. Домашни и меѓународни страни консултирани во процесот

Во прилог се дадени сите консултирани актери/учесници на тркалезните маси, тематските работилници и јавните расправи, организирани по предлог текстот на Националниот план за акција за родова рамноправност, и сите страни кои дадоа свој придонес во изготвување на овој документ

### <u>Од Република Македонија:</u>

Министерство за труд и социјална политика

Министерство за надворешни работи

Министерство за правда

Министерство за здравство

Министерство за образование и наука

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Министерство за економија

Министерство за локална самоуправа

Министерство за просторно планирање и животна средина

Секретаријат за европски прашања

Генерален секретаријат на ВРМ

Кабинет на Претседателот на РМ

Собрание на Република Македонија

Државен завод за статистика

Завод за здравствена заштита

Народен правобранител на РМ

Народен правобранител на РМ – канцеларија Битола

Народен правобранител на РМ – канцеларија Тетово

Народен правобранител на РМ – канцеларија Струмица

Центар за социјална работа – Струмица

Завод за социјални дејности

Совет на Општина Битола

Совет на Општина Струмица

Совет на Општина Тетово

Совет на Општина Штип

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Штип

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Пробиштип

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при општина Делчево

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Битола

Центар за социјална работа – Битола

Центар за социјална работа - Штип

Државен просветен инспекторат

Совет на Општина Велес

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Велес

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Тетово

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Струмица

Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Општина Василево

Совет на Општина Василево

Филозофски факултет
Државен завод за статистика

Совет за радиодифузија

**<u>Граѓански сектор</u>**

ЗЖ Антико

Форум на албанска жена

ЕСЕ

Акција Здруженска

Хелсиншки комитет

РОЖМ Даја

Сирма

Центар на Ромите - Скопје

СОЖМ

ООЖМ

Организација на жени Струмица

Продолжен живот-Струмица

Организација на жени Радика

Организација на жени Свети Николе

Организација на жени Велес

Женска секција при ССМ

Стопанска комора на РМ

Семпер Битола

ПЗУ Даница

ЗХА Синергија

Сирма-Куманово

Организација на жените Ромки –Лулуди Скопје

Организација за заштита на правата на децата – Делчево

ЦСРЦ

ЗГ Клеа - Битола

НВО Инфо центар

Дерја

За среќно детство

Квалитетен живот Велес

Фондација Фокус Велес

Национална СОС линија за жртви на насилство

Македонско женско лоби

Отворена Порта

Женска Акција – Скопје

Иднина - Пробиштип

МЦЖП Шелтер центар

Животна искра- Скопје

**<u>Меѓународни организации:</u>**

| | |
|---|---|
| ОБСЕ | УНДП |
| УНИФЕМ | УНХЦР |
| УНИЦЕФ | СЗО |
| ИОМ | ОДИХР |

## A.6. Библиографија и друга користена литература


**Универзалната Декларација за човекови Права**

**Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената**

**Пекиншката декларација за акција на ООН** усвоена на 4-та Светска Конференција на Жените одржана во Пекинг 1995г.

**Аналитички извештај “Воведување на родовиот концепт во политичките партии**”, подготвен од Г-ѓа Соња Локар, Stability Pact Gender Task Force.

**Заклучни коментари на Комитетот за елиминација на дискриминација врз жената: Република Македонија** CEDAW/C/MKD/CO/3

**Закон за работни односи** - Службен весник на РМ, бр.62/05.

**Кривичен законик** пречистен текст со измени од Март 2004 година-Службен Весник на РМ, бр. 19/04

**Закон за семејство,** Сл. Весник на РМ, бр. ??

**Закон за еднакви можности на жените и мажите,** Службен весник на РМ: Бр. 66/06 Мај 2006

**Изборен законик,** Сл. Весник на РМ бр. 40/06

**Национална политика за промовирање на рамноправноста на половите на Република Хрватска 2006-2010**

**Balanced participation of women and men in political and public decision- making.** Recommendation Rec (2003) 3, Council of Europe, 2003;

**Communication from the Commission to the Council,** the European Parliament, the European Economic and Social committee and the Committee of the Regions - A Roadmap for equality between women and men 2006-2010 - SEC (2006) 275; Council of the European Union 23/24 March, Presidency Conclusions; 7775/06, Concl. 1 Brussels, 24 March 2006;

**The European Pact for Gender Equality**; http://www.ibeurope.com/Records/8900/8969.htm; Equality between women and men in the European Union. Employment & social affairs .EC. 2005;

**Gender equality plans at the workplace, EIRO, 2004;** http://www.eiro.eurofond.eu.int/2004/02/study/tn0402

**A Guide to Gender Impact Assessment;** European Commission Equality between women and men; Directory-General for Employment, Industrial Relations and Social Affairs UNIT; V/D.5 October 1997

**Human development report**, UNDP 2004

**Human development report**, UNDP 2004

**On the Road to the EU. Monitoring Equal Opportunities for Women and Men in South Eastern Europe.** Overview Macedonia Jasminka Friscik, Association for Emancipation, Solidarity and Equality of Women of Republic of Macedonia; Lidija Dimova, Macedonian Centre for European Training (pp. 67-75); Published *by* OPEN SOCIETY INSTITUTE Printed in Budapest, Hungary, 2006

**Introducing the Gender Concept in political Parties at the Local Level. National;** Project Women Can Do II- Local Elections 2005 prepared by Ms. Sonja Lokar, the Chairperson

**Report of the Republic of Macedonia on Millennium Development Goals**, Government of the Republic of Macedonia, June 2005

**National Machineries for Gender Equality and the Advancement of Women in Transition Countries** (Central and Eastern Europe and the CIS) */Prepared by the Regional Bureau for Europe and the CIS (RBEC); United Nations Development Programme (UNDP) For the ECE Regional Preparatory Meeting in Geneva, 19-21 January 2000; Distr. GENERALE/ECE/RW.2/2000/BP.1; 22 December 1999

**Policy Framework of the Ministry of Labour and Social Policy Actions against Domestic Violence.** The Ministry of Labour and Social Policy, 2006

**Gender Equality Homepage of the European Commission;** http://ec.europa.eu/employment_social/gender_equality/index_en.html

United Nations Division for the Advancement of Women homepage www.un.org/womenwatch/daw/

Council of Europe's Equality Division http://www.coe.int/T/e/human_rights/equality/

European Women's Lobby, www.womenlobby.org

**Annual Report 2005 / Action Plan 2006 Equal opportunities** - a richer Denmark

**Annual Report 2005** over the achievements in 2005 and the Action Plan 2006 with the future initiatives on Gender Equality, Minister for Gender Equality, Denmark, 2006; http://ligeuk.itide.dk/

**Denmark Gender Mainstreaming Action Plan 2002-2006**; http://ligeuk.itide.dk/

**Government Action Plan for gender Equality 2004-2007** Ministry of Social Affairs and Health, Helsinki, Finland 2005 www.stm.fi/Resource.phx.publishing/documents/5761/index.xtx

The Swedish Government's National Action Plan for gender Equality. Ministry of Industry, Employment and Communications www.industry.ministry.se

**Slovenia Equality of opportunity and treatment**; Resolution of 27 October 2005 on the National Programme for Equal Opportunities for Women and Men (2005-2013); Uradni List, 2005-11-10, No. 100, pp. 10530-10553; 2005-10-27 SVN-2005-M-72086; Government of the Republic of Slovenia, 2005-05, Department for Equal Opportunities, Ljubljana, Slovenia, 53 p.

**The Swedish Government`s National Action Plan for Gender Equality.** Ministry of Industry, Employment and Communications. www.industry.ministry.ce

**Slovenia Equality of opportunity and treatment,** Resolution of 27 October 2005 on the National Programme for Equal Opportunities for Women and Men (2005-2013); Uradni List, 2005-11-10, No. 100, pp. 10530-10553; 2005-10-27 SVN-2005-M-72086; Government of the Republic of Slovenia, 2005-05, department for Equal Opportunities, Ljubljana, Slovenia, 53 p.

**National policy for the promotion of the Promotion of the Gender Rquality 2006-2010,** Croatian parilament.

**2004-2010 Republic of Armenia National Action Plan on Improving the Status of Women and Enhancing Their role in Societs,** Government of the republic of Armenia.

**International and National Legal Framework for Human Rights for Macedonia, Human rights based approach to MDG-based development pllaning and poverty reduction,** Arial 2006, document supported and commissioned by UNDP Macedonia and ADA.

**The National Plan of Italy to implement the Bejing Platform for Action,** 8 March 1997.

**National Action Plan for Improving the position of women and promoting gender equality 2007-2010,** Serbia.

**Action Plan for New Zeland Women,** March 2004, Minister of Women`s Affairs.

**Kosovo Action Plan for Equal Opportunities for Women and Men,** 2007 ???

**Setting the stage for the Next Century: The Federal Plan for Gender Equality,** August 1995, Canada

**Albanian Action Plan for Equal Opportunities for Women and Men,** 2007???

**Gender  Equaity: a kes for poverty appleviation and sustainable development,** 2003, Swiss Agency for Development and Cooperation.